МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: МАРКЕТИНГ-МЕНАЏМЕНТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПРИМЕНА НА МАРКЕТИНГОТ ВО КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ – СПОРЕДБЕНО СО РСМ И КОСОВО

СТУДЕНТ: **ЉУПКА АЛЕКСОВСКА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **М232005**
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ ПЕТРЕСКА**

Св. Николе, 2025

Краток извадок

Во туристичкиот развој на едно подрачје, културните ресурси честопати се ставени во позиција на промотор на развојот. Заедниците што ги поседуваат се спремни нив да ги понудат на пазарот во форма на туристички производ. Притоа тие добиваат економски параметри и се средство на економскиот развој, отвораат можности за нови работни места, иницираат инфраструктурни подобрувања итн. Позитивно е и тоа што културниот туризам може да се развива и во места што не се во фокусот на главните развојни текови во една земја и во места што претходно не биле цел на позначителни туристички посети.

Со самиот развој на културниот туризам сè повеќе се зборува за новиот начин на користење на културата, при што акцент се става на квалитативните промени. Грижата за квалитетот на ресурсите истовремено претставува грижа за квалитетот на културно-туристичката понуда, што ја одредува конкурентската предност на производот во рамки на културниот туризам. Затоа со цел остварување на посакуваното ниво на квалитет на културниот туризам, тој треба да се развива во контекст на концепцијата за одржлив туризам. Негативните ефекти од туристичкиот развој врз културното наследство може да се идентификуваат преку неконтролираниот и несоодветен третман на вредностите кога се во функција на туристичкиот развој. Понатаму, можни се преценувања на атрактивната сила на културните атракции од страна на локалната заедница, што може да резултира со несоодветни очекувања од туристичкиот развој.

Клучни зборови: културен туризам, атракции, маркетинг, развој.

Abstract

Often in the tourism development of an area, cultural resources are placed in the position of promoter of development. The communities that own them are ready to offer them on the market in the form of a tourist product. In doing so, they gain economic parameters and are a means of economic development, open opportunities for new jobs, initiate infrastructural improvements, etc. It is also positive that cultural tourism can be developed in places that are not the focus of the main development trends in a country and in places that were not previously the target of significant tourist visits.

With the development of cultural tourism itself, there is more and more talk about the new way of using culture, emphasizing qualitative changes. Concern for the quality of resources is also concern for the quality of the cultural tourism offer, which determines the competitive advantage of the product in cultural tourism. Therefore, in order to achieve the desired level of quality of cultural tourism, it should be developed in a context with the concept of sustainable tourism. The negative effects of tourism development on cultural heritage can be identified through the uncontrolled and inappropriate treatment of values when they are a function of tourism development. Furthermore, there are possible overestimations of the attractive power of cultural attractions by the local community, which may result in inappropriate expectations from tourism development.

Keywords: cultural tourism, attractions, marketing, development.

Содржина

ВОВЕД…….....……..6

I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО…….....…….....9

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето…….....11

2. Хипотези на истражувањето…….....12

3. Методи на истражување…….....13

4. Оправданост на истражувањето…….....13

II. Поврзаноста на културата и туризмот……14

2.1. Културното наследство како атрактивна основа во туризмот……15

2.2. Селективни форми на туризам……..15

2.3. Културен туризам……18

III. Ресурси на културниот туризам…….25

3.1. Видови на културен туризам…….30

3.2. Туристот во културниот туризам ……. 31

IV. МАРКЕТИНГ ВО КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ……...…36

4.1. Целен пазар во културниот туризам…….37

4.2. Инструменти за маркетинг-микс во културниот туризам……..37

V. КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИТЕ РЕСУРСИ КАКО ФАКТОР ВО ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА……...…39

5.1. Поим за културата…….40

5.2. Материјална и духовна култура……..……44

5.3. Основни карактеристики на културата ……..47

5.4. Културата како општествена вредност во туризмот……..53

5.5. Културата и туризмот како фактори на регионална привлечност……...……55

5.6. Примена на маркетинг-стратегијата на туристичкиот пазар во Косово…..……63

VI.КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ ВО КОСОВО……67

6.1. Карактеристики на Македонија како туристичка дестинација.....68

6.2. Карактеристики на Косово како туристичка дестинација……..……..…72
6.3. Анализа на посетителите и бројот на остварени ноќевања ……..……76
6.4. Анализа на состојбата со културниот туризам во Косово……78

VII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ…….…….....…….82
7.1. Анализа на истражувањето……..……..…....82

ЗАКЛУЧОК…….…….....…….....….…....106
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА…… .....…….....….…111

Вовед

Темата на магистерскиот труд, „Примена на маркетингот во културниот туризам - споредбено со РСМ и Косово“, претставува една од најмасовните појави во современото општество, поврзана со потребите од привремено менување на местото на престој, пред сè, заради одмор и разонода. Нејзиниот почеток не може точно да се определи, но неспорно е дека се развива паралелно и во зависност од општествените односи. Туризмот доаѓа до израз особено кога бројот на луѓето кои се вклучуваат во туристичките патувања масовно се зголемил и добил такви димензии, така што почнал да влијае и врз формирање на одредени други појави и односи, кои придонеле туризмот да стане посебно важен фактор во општествена и во стопанска смисла. Како резултат на состојбите на животната средина, во современите услови на живеење туризмот не е привилегија на богатите луѓе, туку примарна потреба на најголем дел од светското население.

Меѓутоа, оваа потреба изразена преку масовни периодични движења на населението од емитивните кон рецептивните региони, сè уште е привилегија на населението од побогатите и развиени земји, односно од земјите со изразена индустријализација и урбанизација. Се очекува во наредниот период техничко-технолошкиот развој да се прошири и на стопанството во недоволно развиените земји и земјите во развој. Тоа ќе услови во туристичките движења да се вклучи и дел од населението на овие земји. Со тоа вкупната маса на туристи постојано ќе се зголемува, а дел од туристите ќе се насочат и кон региони богати со туристички потенцијали, а сè уште туристички недоволно изградени. Културата е фактор во туризмот, и тоа на оној дел што се однесува на културните вредности или добра, како можност за туристички патувања. Особено од почетокот на 1990-тите, кога меѓу земјите беа иницирани социо-културната, економската соработка и интеграцијата. Во овој процес на интеграција, култура се појави како важна алатка која придонесе да се запознаат други култури, а истовремено да се создадат и нови преку меѓусебното испреплетување на различни култури, што е всушност една од димензиите на глобализацијата. Туризмот е еден од најважните процеси и алатки кои ја овозможуваат оваа културна интеракција. Културниот туризам го спречува исчезнувањето на локалните - културни вредности кои неминовно ги носи глобализацијата. За да се зборува за културен туризам, истовремено би морале да зборуваме и за културата и за туризмот. Културата како највисок израз на создавањето на човекот, подразбира постоење на материјални и

духовни вредности, кои се резултат на материјалната и духовната човечка интервенција во природата и општеството. Културата, во потесна смисла на зборот, ги подразбира сите форми на човековото изразување, преку кои човекот го искажува своето искуство, идеи, визија. Значи, културата се објектите, средствата, луѓето, активностите кои имаат за цел да ја подобрат личноста на човекот, да ги прошируваат хоризонтите, да се подигнува општото културно ниво, да се развиваат комуникациите.

Секој простор во секое време има примено одредени културни добра, има преземено посебни културни карактеристики. Туризмот, од друга страна, исто така, вклучува објекти, места, луѓе и активности.[1] Туризмот е збир на активности и појави кои произлегуваат од престојот на луѓето во места надвор од нивното постојано место на живеење. Овие односи и појави се резултат на човековите активности поврзани со набљудувањето, искуството и контактирање во природни и социо-културни простори. Со цел да дојдеме до разјаснување на концептот на културен туризам, ќе ги ставиме во корелација поимите култура и туризам, од каде што ќе забележиме дека многу елементи им се заеднички. Ако во овој контекст кај поимот туризам ги издвоиме само создадените вредности со човечка рака, а ги занемариме природните вредности, тогаш она што може да остане како заедничко, тоа се објектите и појавите кои човекот ги создал и кои се израз на човековата креативност, и човековите интереси. Она што е различно е местото на случување.

Културата се случува насекаде, во сите области, додека за туризмот тоа не е така. Туризмот се случува само надвор од местото на постојано живеалиште. Значи, културата се случува секаде, или барем така би требало да биде, додека културниот туризам, од аспект на туристите, поедноставно кажано – културата надвор од неговиот престој, при што не е битно дали културата е поради туризмот или туристот е придружен член, набљудувач, оној кој ја доживува, запознава и зошто да не учествува во нејзиното обликување. Врз основа на ова, може да се даде објаснување на концептот на културниот туризам. Културниот туризам се сите тие односи и појави кои произлегуваат од културните активности кои треба да се случуваат во туристичкото место или простор заради туризмот (како основна содржина за престој на туристите), или туристи кои ги посетуваат овие места како дополнување на другите форми на туризмот. Во развиените туристички економии, како што се: Франција, Италија, Шпанија, Велика Британија, културниот туризам носи значителни приходи кои

[1] Andrlić, B. (2007). Primjena e-marketinga u turizmu. Poslovna izvrsnost. 1(2), 85-97.

надминуваат една третина од вкупниот приход на туризмот. Културата во овие земји е важен фактор за извоз, кој носи големи приходи за државите. Се разбира, важноста на ваквите културни трендови во туризмот не е само заради зголемување на приходот. Други позитивни ефекти се наоѓаат во областа на подигање на општото културно ниво, формирање на интеркултурниот контакт, ширење на културата и така натаму.

И покрај тоа што Република Косово располага со богато културно-историско наследство, сепак овој вид на туризам, за жал, сè уште е недоволно развиен. Имено, привлечноста на Косово како туристичка дестинација сега е на многу ниско ниво. Долгорочната изолација од европските и светски пазари, лошиот имиџ, недостаток на квалификуван и искусен персонал и иновации, ја намали конкурентноста на Косово на туристичкиот пазар. Туристички производ практично и не постои. Косово, како млада држава, по макотрпните економски и политички процеси со кои се справуваше во минатиот век, во првата деценија на овој век се соочи со голем број потешкотии во полето на економијата, здравството, образованието, како и во туризмот.

Таа се појави многу доцна на туристичкиот пазар заради позицијата која ја имаше во поранешна Југославија и заради недостаток на адекватна сообраќајна мрежа. По изградбата на јадранската магистрала, по 1971 година, Косово започна да се афирмира како потенцијален туристички пазар. До овој период, туризмот во Косово воопшто не беше развиен. Основниот концепт тогаш беше да се развие локалниот туризам. Запоставеноста на туризмот влијаеше и врз нејзиниот економски и општествен развој. Проблеми постоеја и во урбаните средини во однос на угостителски и сместувачки капацитети. По 1970 година, во Косово се започна со истражување на можностите за развој на туризмот, изградба и модернизација на патната мрежа и изградба на материјалната основа на туризмот. Основен критериум за зголемување на интересот за развој на туризмот е влијанието што туристичкиот промет го има или би требало да го има врз стапката на вработеност и на висината на остварените приходи.

I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За реализација на целта која сме ја поставиле при конципирањето на овој предмет на истражување, која претставува актуелна тема, но недоволно обработена во нашето подрачје, најчесто се водевме од дедуктивниот метод, односно поаѓавме од општите законитости и принципи, со чија помош ги откривавме посебните. При разработката се презентираат официјални податоци изнесени во сите видови на документи, како што се извештаите и соопштенијата на меѓународните туристички асоцијации, Заводот за статистика на Косово, извештаите на патничките агенции, односно ќе ги анализираме најрелевантните податоци и информации за потврда на реалната слика за состојбите во наведениот систем на односи.

Врз основа на тие податоции, ќе конструираме соодветни заклучоци. Во разработката на трудот ќе користиме и соодветна литература од познати експерти и научници од туризмот, како и дефиниции кои се коментираат, објаснуваат и дополнуваат. Појавите за кои нема официјални информации, а кои се важни за согледување на состојбите и тенденциите во областа на патничките агенции и туристичките дестинации, ќе бидат квалитативно анализирани, односно од добиените сознанија ќе ги изведеме оние карактеристики кои најмногу ја детерминираат анализираната појава. Воедно, овој труд ќе се темели претежно на користење на кабинетско истражување (desk research) и со користење на емпириски податоци и показатели кои стручната литература ги познава. Одредени теренски истражувања (field research) ќе направиме со користење на интернетот, како медиум кој содржи голем број на секундарни податоци.

Примарните податоци се добиени преку теренска анкета, односно прашалник кој ќе биде испратен до сите позначајни патнички агенции во Косово. Добиените податоци од извршената анкета потоа ќе бидат и статистички обработени со методот на најмали квадрати и Пирсоновиот коефициент на корелација. Податоците добиени преку анкетата се од примарно значење за целите на овој труд, бидејќи ќе ги добиеме од главните институции кои се засегнати со проблематиката на патничките агенции и туризмот, кои податоци ќе ни дадат насоки со кои прашања и со кои проблеми се соочуваат патничките агенции во Косово и на кој начин тие проблеми би се надминале, сè со цел што поуспешно да го промовираат Косово како атрактивна туристичка дестинација.

1. Проблем, предмет и цел на истражувањето

1.1. Проблем на истражувањето

Современите трендови на глобализација и дерегулација доведоа до зголемување на барањата на туристите, што придонесе туристите сè повеќе да се насочуваат и да бараат нови туристички содржини кои сè уште се недоволно туристички афирмирани. Во овие услови во кои неговиот развој го достигнува највисокото ниво, потребно е туристичката понуда да содржи интересни и прифатливи содржини со кои би ги мотивирале потенцијалните туристи да остварат одредено туристичко патување. Во тие рамки ја гледаме и можноста од давање на соодветен научен придонес со реализацијата на ова истражување. Изработката на овој труд ќе претставува придонес како во полето на научното третирање на проблематиката на улогата што ја има културниот туризам врз зголемување на туристичката понуда, така и во поглед на практичната имлементација на културните содржини од Косово, како можност да се зголеми бројот на домашни, а пред сè, странски туристи. Со овој труд ќе настојуваме да го приближиме до научната јавност и со тоа да создадеме поттик и подлога за понатамошно проучување на проблематика која не е доволно истражувана во научните кругови. Во тие рамки, сметаме дека научниот придонес на трудот од посебно значење за Косово ќе се состои од следново: магистерскиот труд ќе претставува систематизирано и сеопфатно третирање на аспектите кои го третираат прашањето за културата, културното наследство, маркетингот, туризмот, врз развојот на културниот туризам во Косово и РСМ.

1.2. Предмет на истражувањето

Поаѓајќи од претходното, предмет на истражување во овој труд ќе биде:

- Согледување на културното наследство, неговата поделба и класификација;
- Опис на функционалните аспекти на културата;
- Запознавање на културните туристички процеси;
- Обработка на културниот туризам и неговите ефекти;
- Улогата на маркетингот во промоција на културниот туризам на Косово;
- Согледување на актуелната состојба на културните вредности во Косово;
- Анализа на потенцијалите за развој на културниот туризам во Косово.

1.3. Цел на истражувањето

Основна цел на овој труд е да ги анализира причинско-последичните врски помеѓу културата, културното наследство, маркетингот, туризмот и природните вредности врз развојот на културниот туризам во Косово. Исто така, цел на овој труд е да ја анализира моменталната состојба на културниот туризам во Косово и како таа да се валоризира со цел да се подобри и зголеми туристичката понуда на Косово.

2. Хипотези на истражувањето

2.1. Главна хипотеза на истражувањето

Основната хипотеза на овој труд е дека маркетингот може да биде важен фактор за подобрување конкурентноста на културниот туризам во Македонија и Косово и да придонесе за негово позиционирање како препознатлива, атрактивна, конкурентна и одржлива туристичка дестинација.

2.2. Помошни хипотези

За да ја тестираме главната хипотеза, ќе ги разгледаме посебните хипотези:

- Подобрувањето на инфраструктурата и безбедноста придонесува за раст на културниот туризам и зајакнување на сите други економски гранки;
- Развојот на иновативен туристички производ и маркетинг-стратегија е основата на одржливиот туризам;
- Усогласувањето на законските и нормативните прописи од областа на заштитата на културното наследство со сите заинтересирани страни е основа за развој на одржлив туризам;
- Примената на на маркетинг-миксот во културниот туризам на Косово ќе придонесе за негов развој;
- Развојот на културниот туризам се обезбедува со учество во регионални иницијативи и сите форми на меѓународна соработка кои промовираат одржлив развој на заедницата загрозена од последиците од конфликтот.

Сите овие хипотези на истражувањето, главната и помошните хипотези, за потребите на трудот треба дополнително да бидат разработени и развиени. Оваа

разработка и развивање на хипотезите ќе биде направена во согласност со општите концепции на магистерскиот труд. Ќе бидат искористени неколку индикатори, кои треба да овозможат тестирање на вака поставените хипотези на истражувањето.

Така, во оваа смисла ќе биде направено соодветно консултирање на стручна и научна литература која се однесува на потесната проблематика, ќе бидат разгледани регулативите на национално и меѓународно ниво, ќе се разгледаат моделите и механизмите кои се применуваат во практиката, и ќе биде извлечен соодветен теоретски заклучок.

3. Методи на истражување

За изготвувањето на магистерскиот труд ќе бидат искористени неколку научни методи, кои се од помош во оформувањето на методолошките техники на истражување. Ќе бидат искористени научни методи кои имаат своја посебност и значење за општествените науки.

Спроведеното емпириско истражување, кое се однесуваше на испитување на ставовите на испитаниците за условите за развој на културниот туризам на Косово, е од истражувачки карактер. Во самиот процес на истражување, немаше можност да се користат податоците на некои од институциите што би содржеле точни податоци за проблемот. Република Косово, во Националната стратегија за културното наследство од 2017 до 2027 година, го потенцира проблемот од недостаток на податоци на територијата на Косово. Затоа, авторот на дисертацијата спроведе независно истражување преку прашалник со цел да ги испита ставовите на граѓаните, и на оние кои живеат и работат во локалните заедници, и на другите граѓани заинтересирани за предметот на истражувањето.

Истражувањето е спроведено на територијата на Косово во неколу поголеми градови: Приштина, Пеќ, Ѓаковица. Анкетата е спроведена со цел да се соберат податоци (напишани) за претходно подготвени и формулирани прашања. Главниот извор на податоци се одговорите на испитаниците. Бројот на испитаници е утврден со проценка на соодветноста на примерокот. Инструментот за истражување беше прашалник за јасно и специфично формулирани прашања што се во согласност со темата на дисертацијата. Истражувањето е спроведено во периодот од април 2024 година, до мај 2024 година. Прашалникот е креиран на таков начин што во првиот дел, врз основа на 4 прашања, беа добиени одговори поврзани со основните карактеристики

на испитаниците, а потоа во вториот дел, со одговарање на другите 20 прашања, да се проценат ставовите поврзани со моменталната состојба во туризмот и проценка на важноста на туризмот за идниот развој на Косово. Прашалникот беше поделен на 200 примероци, но беа анализирани само 150 од споменатиот број, од кои за анализа беа користени 130, кои беа пополнети на задоволителен начин. Процесот на истражување се реализираше во три фази: собирање на податоци, сортирање и групирање на податоци и статистичка анализа. Собраните податоци се подредени (групирани) по рангирање, табелирање и графичка презентација.

4. Оправданост на истражувањето

Самиот магистерски труд има јасно поставена научна и истражувачка оправданост.

Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија, а истражувачката оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош на сите институции кои се занимаваат со прашањето за развој на туризмот, како во национални рамки, така и во меѓународни рамки.

II. Поврзаноста на културата и туризмот

Врската која се воспоставува во средина која не претставува постојано место на живеење и има својство на привремена миграција поради одмор, рекреација и слободно време или нешто друго, се нарекува туризам.

Туризмот е општествен и економски феномен кој прерасна во една од водечките економски активности во градовите и регионите ширум светот. Во земјите во развој, како и во развиените земји, туризмот е еден од најбрзо растечките сектори во економијата и најголем извор на вработување и инвестиции.[2]

Меѓутоа, туризмот не вклучува само меѓународно патување, туку и патување до дестинации во границите на една земја. Иако е тешко да се добијат податоци за

[2] Amy G. A. (1993). The challenge of multiculralism in political ethics. Philososphy and Public Affairs 22 (3) str. 171 -206.

туристичките движења во светот поврзани со домашниот туризам, се смета дека најголемиот дел од вкупниот туристички сообраќај го сочинува домашниот туризам.

Трајната вредност во туризмот не може и не мора да биде само профит, туку и потребата на човекот за самоактуелизација и развој и ослободување на целосниот личен потенцијал.

Туризмот треба да се развива како економско средство, цивилизациска потреба и како хуманистичка вредност.

Може да се каже дека туризмот станува сè посилна светска сила на 21 век. Благодарение на туризмот луѓето трошат сè повеќе пари, што доведува до зголемување на приходите на одредена земја, што потоа доведува до отворање на нови работни места, односно повеќе вработувања.

Важно е да се има предвид дека туризмот и културата се динамични и контрадикторни процеси кои континуирано се менуваат. Постојат различни дефиниции за концептот на културата, но тој всушност опфаќа сè што луѓето произведуваат или прават, начинот на живот на поединците во општеството или општествените групи и го вклучува, на пример, начинот на облекување, обичаите, верските церемонии, семејството, животот итн.. Современите теоретичари ја набљудуваат културата токму како таа дефиниција, која ги вклучува и сите карактеристики и значења по кои таа се разликува од другите култури.

Во културниот контакт, важно е да се направи разлика помеѓу локалното население и неговата култура, туристите и нивната култура, резидуалната култура итн. Локалната култура е еден од мотивите што ги привлекува туристите, тоа е културата на дестинацијата, односно заедницата со која туристите доаѓаат во контакт. Туристичката култура се однесува на културата што туристите ја носат како багаж од земјата од која доаѓаат, а нивната култура зависи од т.н. резидуална култура, односно оној дел од културата што не се менува во процесот во кој членовите на една заедница ги прифаќаат верувањата и однесувањата на друга.

2.1. Културното наследство како атрактивна основа во туризмот

Освен културното наследство, основата на туристичките атракции може да се набљудува и преку климата, разните манифестации, вегетацијата и други атракции. Географската локација е исклучително важна, што е многу важно при поврзување со други места за да се обедини целината на една област.

Културното наследство се состои од регистрирани и превентивно регистрирани недвижни споменици и нерегистрирани споменици, како и нематеријално наследство кои се дел од базата на туристичката атракција.

Другото културно наследство вклучува материјални и нематеријални споменици кои не се опфатени со законска заштита и спаѓаат во туристичка атракција. Како пример, може да се наведат некои понови споменици, културни институции, архитектонско наследство итн.

Може да се каже дека културното наследство претставува збир на сите однесувања, верувања, вредности, симболи, како што се: традициите, обичаите, облеката и однесувањето на локалната заедница во различни временски периоди. Исто така, може да претставува начин на живот што го споделува општествената заедница, кој се пренесува од генерација на генерација. Покрај горенаведеното, поимот културно наследство ја вклучува и историјата на градовите или населбите, односно културниот пејзаж кој создава народни традиции.

2.2. Селективни форми на туризам

По масовниот туризам, кој доминираше до крајот на минатиот век, постои насока на туризмот кон поединецот, кој се јавува како учесник во туристичкото патување. Како резултат на тоа, се појавуваат сè повеќе посебни форми на туризам, кои се фокусирани на барањата на туристичките потрошувачи, нивните желби и потреби кои сакаат да ги задоволат на даденото патување.

Имајќи предвид дека постојат несогласувања во дефинирањето на одредени форми на туризам, се појавуваат нови имиња на туристички движења, што го отежнува класифицирањето на селективните форми на туризам.

Затоа, неопходно е да се наведе класификацијата на формите на туризам од страна на Ц. Каспар, кој меѓу првите го подели туризмот според различните форми (мотивација и надворешни ефекти) и основи.

Поделбата на туризмот според мотивацијата е следна:

- рекреативен туризам (здравствен);
- културен туризам (верски, гастрономски, урбан, конгресен и деловен);
- социјален туризам (родителски туризам, туризам на здруженија и синдикати);
- спортски туризам (активен и пасивен спортски туризам);

 комерцијален туризам (деловен и конгресен, саемски и изложбен туризам);

 политички туризам (дипломатски туризам, туризам на политички настани).

Поделбата на туризмот според надворешните ефекти вклучува:

 поделба на туризмот според потеклото на туристите (национален туризам, меѓународен туризам);

 поделба на туризмот според должината на престојот (туризам со краток престој, туризам на транзитни или гранични премини, рекреативен туризам на поблиски дестинации, туризам со подолг престој, туризам за годишен одмор);

 поделба на туризмот според годишните времиња (летен туризам, зимски туризам);

 поделба на туризмот според бројот на учесници (индивидуален туризам, масовен туризам, семеен туризам);

 поделба на туризмот според возраста на учесниците (младински туризам, туризам за трето доба);

 поделба на туризмот според видовите транспорт (железнички туризам, автомобилски туризам, воздушен туризам, поморски, речен и езерски туризам);

 поделбата на туризмот според видот на сместување (хотелски туризам, кампинг туризам);

 поделба на туризмот според начинот на плаќање (социјален туризам, штеден и кредитен туризам);

 поделба на туризмот според социолошките категории (ексклузивен и луксузен туризам, традиционален туризам, младински туризам, социјален туризам).

Некои од најзначајните форми на туризам се:

 здравствен туризам;

 спортски и рекреативен туризам;

 верски туризам.

Верскиот туризам е една од најстарите форми на туризам. Се среќава во најраните заедници, кога луѓето оделе да посетуваат светилишта за религиозни церемонии, без оглед на големите растојанија.

Патувањата од религиозни причини се познати од почетокот на цивилизацијата до денес (Гиза, Делфи, Ерусалим, Ватикан, Мека, Марија Бистрица, Меѓугорје итн.). Верскиот туризам во Хрватска брои повеќе од 500.000 аџии годишно

кои ја посетуваат Марија Бистрица, 300.000 луѓе годишно го посетуваат Трсат, 150.000 луѓе годишно го посетуваат Сињ, Бискупија кај Книн, Карловац, Вуковар.

Голем проблем на сите светилишта, вклучително и оние во Хрватска, се сместувачките капацитети, кои не се доволни или не се соодветно уредени, па поради оваа причина туристите се жалат на гостопримството што се нуди во верскиот туризам. За да се реши овој проблем, потребно е да се едуцираат и обучат кадрите определени за таква понуда.

Урбаниот (градски) туризам за првпат се појави во САД во 1960-тите и се состои од цела низа различни активности, кои вклучуваат патувања во градовите за посета на пријатели, забава, професионални состаноци, рекреација на отворено, посета на музеи, излегување во ноќен клуб итн.

Мејтленд верува дека урбаните посетители бараат активности надвор од традиционалните туристички простори со цел да искусат нешто препознатливо, локално и органско за урбаната средина, наместо она што туристичката индустрија им го служи како готов производ.

Суштинска карактеристика на урбаниот туризам е тоа што не е сезонски ориентиран, односно привлекува луѓе од сите возрасти и генерации, од најмлади до постари и што задоволува различни потреби од шопинг, забава до култура.

Како и кај верскиот туризам, така и кај овој туризам се јавува проблемот со недостиг од хотелско сместување, како и незадоволителен маркетинг и менаџмент кој може да го реши проблемот со сезонската и малата туристичка потрошувачка.

Иако конгресните туристички патувања спаѓаат во службени патувања кои често се задолжителни и условени од работното место, задача или проект, сите земји кои развиваат туризам ги класифицираат патниците кои учествуваат на собири од различен карактер во групата туристи и додаваат приходи од конгресниот туризам на вкупниот приход од туризмот. Токму поради оваа причина, конгресниот туризам се нарекува и деловен туризам.

Тоа подразбира дека неговото времетраење не е пократко од два дена и доколку местото на одржување на поголем број учесници е надвор од нивното постојано место на живеење заради размена на знаења и информации.

Според класификацијата на Државниот завод за статистика, деловните групи се класифицираат на следниве начини:

- според дефиницијата,
- според содржината,

 според просторната покриеност.

Гастрономијата вклучува сè што е поврзано со готвење, готвачки вештини и слично. Во поширока смисла, тој вклучува гурмански, сладок вкус, а во најширока смисла, врската помеѓу културата и храната, односно кулинарската уметност.

2.3. Културен туризам

Може да се каже дека почетоците на културниот туризам датираат од времето на Антички Рим, кога луѓето ги посетувале местата каде што биле пронајдени остатоци од постари култури и цивилизации. Првите патувања од овој тип може да се поврзат со терминот „Гранд турнеја“, кој ги претставувал патувањата на младите луѓе, главно од англиската елита и аристократија, кои патувале за едукативни цели и за задоволство. Овој вид на патување се појавил во 17 век во Велика Британија, кога се појавил и туристичкиот водич, кој ги запознавал патниците со уметноста, литературата и образовните луѓе. Во тоа време се појавуваат и првите музеи, кои набрзо станаа центар на туристите.

Кога ќе се спомене културниот туризам, треба да се каже нешто повеќе за неговото влијание во Европа. Имено, Европа отсекогаш имала доминантно место во меѓународниот туризам и сето тоа благодарение на нејзиното богато културно наследство.

Во времето во кое живееме, честопати се забораваат нештата од минатото, особено оние кои го опфаќаат времето од педесеттите, шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век. Ова доведе до развој на музеите во Европа, па денес има многу музеи од различни историски периоди.

Спротивно на европските трендови, инвестициите, на пример, во културниот туризам во Хрватска се минимални. Без оглед на тоа што туристичката побарувачка за културни атракции веќе постои, подобар развој на културно-туристичкиот производ сè уште не е дизајниран.

Кога ќе се спомене Хрватска во контекст на туризмот, таа секогаш се претставува како земја со бројни природни убавини, море, културно наследство и слично, а туризмот таму со децении се развива како масовен туризам. Културниот туризам може да се развие во многу хрватски градови, како што се Дубровник и Сплит.

Дубровник е најпознатиот хрватски град во светот. Препознатлив е по градските ѕидини кои секоја година привлекуваат сè повеќе туристи. Сплит е препознатлив по палатата на Диоклецијан, Задар по Свети Донат, а Пула по амфитеатарот.

Културата како основа на туристичкиот производ поврзува многу земји и го претставува главниот мотив на туристичките патувања. Според Сварбрук и Хорнер, „културниот туризам се состои од неколку фактори кои го сочинуваат туристичкиот пазар и вклучува:

- посета на историски атракции и дестинации и присуство на традиционални фестивали;
- патување мотивирано од желбата да се вкуси национална, регионална и локална храна и пијалоци;
- следење на традиционални спортски настани и учество во локални активности на одмор;
- посета на фарми, фабрики, занаетчиски работилници и слично.

Според тоа, културниот туризам се дефинира како патувања кои вклучуваат посети на културни атракции надвор од постојаното место на живеење со цел стекнување на нови знаења и искуства кои ги задоволуваат културните потреби на поединецот. Претставува форма на туризам што му овозможува на човекот да запознае одредени културни вредности на туристичката дестинација и да ги искористи и ужива во нив.

Многу важен термин поврзан со културниот туризам е културен турист. Тој покажува поголем интерес за вистинска интеракција со локалната заедница и нивните традиции отколку просечниот турист и се однесува како истражувач и авантурист. Според Ричардс, „културните туристи се пообразовани од просечните туристи и имаат поголемо разбирање за негативните ефекти што туризмот ги има врз локалното население, животната средина и културата“.

За да се задоволат сите потреби и желби на туристите, потребно беше проширување и усовршување на понудата, па се развија многу селективни форми на туризам, како на пример: верски туризам, наутички туризам, еко-туризам, спортски туризам, рурален туризам и други сегменти.

- Карактеристики на културниот туризам

Концептот на културен туризам ги комбинира концептите на културата и туризмот. Ако се обидеме овие два концепта да ги замислиме во некој контекст, тие на

прв поглед се чини дека се многу тесно поврзани и многу добро се надополнуваат. Имено, јасно е дека културата и културното наследство придонесуваат за привлечноста на одредена туристичка дестинација и затоа често се предуслов за избор на туристите. Во осумдесеттите години на минатиот век започна академското истражување на темата културен туризам со цел најоптимално да се искористат културните ресурси во туризмот и да се обезбеди квалитетот на туристичката понуда, но и заштитата и зачувувањето на материјалната и духовната култура како израз на рецептивниот идентитет. Масовниот туризам, кој е поврзан со морето и сонцето, сè повеќе исчезнува и се заменува со селективни форми на туризам кои вклучуваат различни видови туризам кои се наменети за специфични целни групи.

Секоја од овие форми на селективен туризам ја прилагодува својата туристичка понуда во однос на самата форма и во согласност со туристичките производи што ги нуди одредена дестинација, така што постои концепт на културен туризам. Развојот на туризмот во последните децении го докажа својот широк спектар на активности. Развојот на туризмот се случи затоа што постојната форма на туризам не може да ги задоволи сите потреби и желби на клиентите и туристите и беше потребно понудата да се прошири и подобри. Така, во рамките на селективниот туризам се појавија видови како што се: поморски туризам, еко-туризам, рурален туризам, спортски туризам, верски туризам. Начинот на живот влијае на работата и слободното време, а со тоа директно влијаеше на интересите на патниците. Патниците се подобро образовани и бараат новини во туризмот. Туризмот станува намерна активност. Искуството стекнато во туризмот треба да биде реално и автентично, а фокусот е на интересите и повеќе не е на атрактивноста на локалитетот. Културниот туризам ги вклучува и културата и туризмот. За да можат овие два концепта да бидат поврзани едни со други, важно е во понудата на културниот туризам да има големо културно наследство, значајни знаменитости и слично. Терминот културен туризам значи посета на музеи, изложби, концерти или е поврзан со материјалното, т.е. „изградено“ наследство. Културниот туризам е форма на туризам чија цел е, меѓу другото, откривање на споменици и места. Затоа, има позитивни ефекти врз нив и придонесува за нивно одржување и зачувување. Оваа форма на туризам всушност ги оправдува напорите што споменатите одржувања и зачувувања ги бараат од човечката заедница заради социо-културната и економската благосостојба што тие ги носат на населението. Покрај културното наследство, голем удел во културниот туризам има традиција на одредена област што е основен дел од секоја култура.

Наследството на традиционалното општество е обележано со приказни, песни, настани, празници или танци (нематеријално наследство) кои се пренесуваат од генерација на генерација, а не само зградите на одредено место (материјално наследство). Една од најчестите дефиниции за културниот туризам е следната: „Културни атракции надвор од вообичаеното место на живеење на туристите, со намера да соберат нови информации и искуства за да ги исполнат нивните културни потреби“. Важно е да се напомене дека оваа дефиниција не е целосно прифатлива бидејќи опфаќа само атракции што не претставуваат целосен културен туризам, но недостасуваат други фактори кои го надополнуваат. Секој турист има одредени причини зошто посетува некое место, понекогаш тоа се само атракции или одредена зграда или споменик, додека може да биде и запознавање на културата, совладување на одреден танц, слушање приказни за одредена област и слично. Во согласност со мотивацијата на туристите на културно патување, типологијата на културниот туризам може да се развие според степенот на мотивација:

1) Основно - ако турист оди да посети одредена локација со јасна намера да се вклучи во културниот туризам или да посети место заради неговите културни вредности, тогаш станува збор за примарна мотивација. Таквите случаи обично вклучуваат посети на (светски) музички фестивали, концерти, изложби, театарски претстави и слично.

2) Случајно - кога турист посетува локација од одредена примарна причина, а споредна мотивација е посета поради културата на одредено место. Важно е да се нагласи дека примарната причина не е поврзана со културниот туризам, така што од гледна точка на анализа и зголемување на туризмот, оваа мотивација не е толку важна како примарната. Таквите туристи имаат намера да присуствуваат на културни настани, но тоа не е нивниот примарен мотив.

3) Случајно - вид на мотивација кога турист оди на патување или одмор, но нема намера да го запознае културното наследство на одредена дестинација, но за време на неговиот престој доаѓа во контакт со локалното население, и можеби ненамерно, го исполнува нивниот начин на живот или култура.

Познато е дека пазарот на културен туризам расте секој ден, се модернизира, неговиот фокус се менува многу брзо, од преокупација со споменици и места до многу поширок феномен, опфаќајќи ги сите аспекти и на високата и на популарната култура. Потрошувачката на културен туризам со тоа веќе не е ограничена на „сериозни“ наменски посети на реномирани културни места, но стана дел од „атмосферата“ на

дестинацијата, создадена заедно и од туристите и од локалното население. Културниот туризам сè уште се смета за поле на истражување. Најопштата дефиниција за културниот туризам би се однесувала на жанрот туризам од специфичен интерес заснован врз потрага и учество во нови и значајни културни искуства, без разлика дали се естетски, интелектуални, емоционални или психолошки. Се разбира, некои форми на култура, како што се музеи, галерии, фестивали, архитектура, историски тврдини, уметнички перформанси и места со наследство, рутински привлекуваат туристи. И сите овие форми на култура се изрази или содржат израз на една или повеќе ликовни, популарни или народни уметности или еден или повеќе локални стилови на животот - традиционален, историски или модерен. Во секој случај, културниот туризам треба да вклучува и димензија на физички посети на културни институции и димензија на културен контакт со локалното население. Со оглед на природата на културниот интерес, разликуваме:[3]

1) Турист од специфичен културен интерес - овој турист точно знае на каков вид културен настан сака да присуствува;

2) Турист од неспецифичен културен интерес - овој турист е заинтересиран за пошироко културно подрачје на одредено место каде што престојува, не е заинтересиран за одредена форма на култура.

Со оглед на природата на културниот интерес, разликуваме:

1) Општ културен турист - овој турист е разновиден, односно посетува различни земји, региони, градови. Неговата „кариера“ се развива во согласност со натрупаното знаење и искуство, кое повторно е вметнато во збир на лични генерализации за странските култури. Ова растечко културно знаење се зголемува во согласност со зголемувањето на практичното знаење, вклучително и учење за тоа како да се поврзете со локалното население и како да учествувате во секојдневните активности во непозната средина. И културниот и практичниот фонд на туристичко знаење се еклектични, составени од идеи што туристот ги има за локалната уметност, народниот живот, начинот на живот, историјата, а потоа се проширува споредувајќи се со страниците што туристот претходно ги посетил.

2) Специјализиран културен турист - специјализираниот културен турист се концентрира на еден или на мал број локалитети или културни субјекти. Таков

Кај некои автори, пак, е забележливо и поистоветувањето меѓу поимите култура и цивилизација. Според Фројд, поимот култура го сублимира во себе сето она што човекот го постигнал во својот историски развој: „Зборот култура го означува сиот збир од достигнувања и институции со кои нашиот живот се разликува од животот на нашите животински предци и кои служат за две цели: заштита на човекот од природата и уредување на односите меѓу луѓето... Првите дела на културата, ако се вратиме многу далеку наназад, биле употребата на алати, скротувањето на огнот, изградбата на населби“. Сепак, Клод Леви-Строс не се согласува со тврдењата коишто поставуваат релација на категорична еднозначност меѓу овие два поима: „Не постои и не може да постои единствена светска цивилизација, во апсолутна смисла, која често му се припишува на тој термин, зашто цивилизацијата подразбира коегзистенција на максимално разновидни култури, па дури и би можело да се рече дека од таа коегзистенција и се состои“. Јуриј Лотман понуди една дефиниција на културата погледната од семиолошки аспект.

Според него, „културата може да се разгледува како збир од пораки разменувани меѓу различни адресати (секој од нив за адресатот е ’друг‘, ’тој‘) и како една порака која колективното ’Јас‘ на човештвото си ја праќа на самото себе“. Како и да е, кај сите автори постои една општа согласност (консензус) за големото значење на културата во човековиот живот. Во најсублимиран вид, тоа го потенцира Џим Ајф, кој вели дека културата претставува централен аспект на човековото постоење и дека ние не сме ништо без нашиот културен контекст. Токму културата е таа што му дава значење на животот и културата е таа што го одредува поголемиот дел од човековото однесување. Нема сомнеж, додава Ајф, дека културата мора да се смета за суштинска одредница на човековото однесување, на човековите емоции и на човековата благосостојба. Имајќи предвид дека културната разновидност претставува движечка сила за исполнување на интелектуалната, емоционалната, моралната и духовната страна во животот, економските и општествените услови беа и се основните услови за развој на културата.

Од претходно согледаното, можеме да заклучиме дека културата претставува процес на физичкиот, материјалниот и умствениот спој без кои нејзиниот развој не може да се издигнува на повисок степен, и секако има суштинска вредност за развој

како социјална и економска кохезија, имајќи ги клучните елементи за развој на едно општество.

5.2. Материјална и духовна култура

Како видовме во претходната точка, самата култура е комплексен и повеќедимензионален феномен на објективната и општествената стварност. Таа вклучува во себе бројни елементи кои можат да се диференцираат во т.н. потесно и пошироко определевање. Потесното определување се повикува на истражувањата на Тајлер, кој културата ја дефинира како „онаа комплексна целина која во себе ги вклучува знаењето, верувањето, вештините, моралот, правото, обичајот и сите други можности и навики стекнати, прифатени од човекот како член на општеството“. Застапниците на потесното мислење ја отфрлаат материјалната дефиниција на културата и се задржуваат на нематеријалното знаење. Односно, според нив алатите, парите, механичките направи и другите објекти не се култура, туку култура е знаењето на тие нешта, односно културата претставува систем на знаење.

За разлика од застапниците на потесното определување на поимот култура, застапниците на поширокото определување ги вклучуваат не само знаењето, туку и конкретните манифестации на знаењето. Во оваа смисла, тие сметаат дека културата е составена од два елементи - материјална култура која ги вклучува материјалните творби и добра кои се резултат на човековата креација, и нематеријална култура, која ги опфаќа духовните творби и добра, односно апстрактите креации на општеството. Во текот на историјата културата врз човековиот развој делувала на многу начини кои придонесле општеството да се развие во степен во кој денес ние делуваме. Културата како највисок израз на создавањето на човекот подразбира постоење на интервенција во природата и општеството.

Таквата интервенција придонесла за настанување на културното однесување, творење и дејствување на човекот, како и развивање на културното материјално и духовно наследство. Односно како што како што видовме во претходната точка, културата ги опфаќа сите материјални и духовни вредности што човекот ги создал во текот на неговата долговековна историја. Некои автори материјалната култура уште ја нарекуваат и со уште еден термин - цивилизација. Имајќи го предвид горенаведеното, во продолжение нашето внимание ќе го насочиме кон анализа на материјалната и духовната култура, односно ќе се обидеме да ги дефинираме овие поими, да ги утврдиме

факторите кои влијаат врз нив, со цел да стекнеме една поцелосна слика за културата како општестевен феномен.[9]

5.2.1. Материјална култура

Материјалната култура е продукт на материјалното производство и претставува основа за градење на сопствен идентитет. Таа е она што претставува цврст доказ од минатото за постоењето на одредено општество, неговата историја која овозможува утврдување на автентичноста за периодот во кој постоело и ни дава можност за анализирање со сегашноста. Материјалната култура опфаќа сè што има материјална форма, кое е продукт на човековиот труд, и се наоѓа во сферата на материјалното производство и истата ги претставува суштествените изрази на човековата природа.

Материјалната култура ги опфаќа сите оние сфери од народната култура кои ја претставуваат објективната стварност или реалноста, односно предметите коишто постојат и коишто буквално го исполнуваат просторот. Според тоа, во рамките на материјалната култура се вклучени следниве категории од народната култура: народното стопанство, народната исхрана, народната куќа (народната архитектура) со покуќнината и економските објекти, како и облекувањето со сите елементи на пропратното украсување. Врз матријалната култура во процесот на нејзино создавањето и оформување делуваат повеќе фактори, односно влијанија:

- Природните влијанија;
- Климатските услови;
- Специфичностите на просторот.

Природните влијанија, како што се: сушите, поплавите, природните пожари, земјотресите, вулканите, одроните, силните ветрови и друго, влијаат врз физичка состојба на материјалната култура и материјалното културно наследство. Од промените кои тие ги предизвикуваат и во колкава мера истото е подложно на природнте фактори кои влијаат врз него, зависи зачувувањето на изворното значење и автентичноста.

[9] Barnes, H. E. (1986). Uvod u istoriju sociologije, Beograd, 1986, стр. 189

Климатските фактори во кои спаѓаат: географската ширина, копнените и водните површини, релјефот, растителниот свет, се влијанија кои го овозможуваат или спречуваат настанувањето на материјалната култура или материјалното културно наследство. Специфичностите на просторот во најголем број на случаи го наложуваат начинот на кој ќе биде извршена една изградбата на одредени објекти. Специфичноста на просторот исто така има влијание и врз местоположбата на која се гради материјалното културно наследство и од која во најголем процент зависи неговата истрајност во текот на времето. Врз материјалната култура исто така делувааат и општествени фактори кои исто така можат да придонесат за нејзиниот развој, афирмирање и зачувување:

- Општествените услови;
- Социјалните услови;
- Субјективниот фактор.

Општествените услови се оние кои се однесуваат на заинтересираноста на државните и локалните институции за инвестирање и поттикнување на свеста на населението за нејзиниот развој. Социјалните услови, како што се: степенот на образование на локалното население, материјалната состојба во која се наоѓа поголемиот процент од населението, како и заинтересираноста за подигнување на свеста кај населението за вредноста на материјалната култура. Субјективниот фактор, најчесто го претставува локалното население кое ја има една од клучните улоги за зачувување и развој на материјалната култура. Од неговиот однос и начин на третирање на материјалните културни вредности одредена култура може да се развие или да стагнира со својот развој.

5.2.2. Духовната култура

Поседувањето на духовната култура го претставува степенот на свеста на секој човек, при што достигнувањето во духовната култура се наоѓа во нераскинлива врска со нивото на развој на материјалната култура. Од аспект на глобализацијата, духовното културно наследство претставува важен фактор во одржувањето на културната различност. Согледувањето на важноста на духовното културно наследство помага за разбирањето на другите култури и нивниот начин на живеење. Духовното културно наследство не ги претставува само културните манифестации. Тоа е

богатство од знаења и вештини кои се пренесуваат од една на друга генерација. Нематеријалното или духовното културно наследство се манифестира во повеќе сфери на општеството. Така УНЕСКО на Конвецијата одржана за нематеријалното културно наследство во 2003 година, меѓу другото, ги споменува следните области:

1. Ракотворби и визуелните уметности, како и традиционалните занаети;
2. Гастрономијата и кулинарски практики;
3. Социјални практики, ритуали и свечена настани;
4. Музика и изведувачки уметности;
5. Усни традиции и изрази, вклучувајќи го јазикот како средство на нематеријалното културно наследство;
6. Знаења и практики во врска со природата и универзумот.

Во последните децении се вршат истражувања и се изготвуваат стратегии на кој начин да се заштити нематеријалното културно наследство од појавите на современото општество, кои претставуваат опасност од искривување на неговата автентичност. Заштитните мерки препорачани од страна на УНЕСКО, следствено имаат за цел обезбедување на одржливоста, на континуирана рекреација. [10] Иницијативите може да вклучуваат: идентификување и документирање на културното наследство, истражување, зачувување, промоција, подобрување, пренос - особено преку формалното и неформалното образование и ревитализација.

Како резиме во овој дел на трудот, можеме да кажеме дека и материјалната и духовната култура претставуваат продукт на творештвото на луѓето. Двата вида меѓусебно се надополнуваат, така како што материјалната култура не би можела да функционира без претходна творечка функција на духовната култура, така и духовната култура без потребни материјални средства не може да се развива, односно духовната култура се надоградува над материјалната и расте од неа. Само со нивна меѓусебна интеракција го добиваме културното наследство кое го претставува минатото на една земја и останува да сведочи во иднина за идентитетот, историјата и постоењето на една култура.

[10] Hemel (Eds.), Planning cultural tourism in Europe, Amsterdam: Boekman Foundation and Ministry of Education, Culture and Science.

5.3. Основни карактеристики на културата

Културата им овозможува на луѓето чувство на идентитет и спознание од прифатлив начин на однесување. Основните карактеристики на културата се нејзините основни вредности, норми, обичаи и морали. Вредностите претставуваат прифатени верувања за правилно однесување во рамките на една култура. Ваквото однесување е прифатено од повеќето членови на општеството. Нормите се напишани правила на однесувања на членовите на општеството кои се директно поврзани со награди или санкции.

Обичаите и моралот се непишани, но прифатени правило на однесување од страна на повеќето припадници на една култура. Сите овие детерминанти на културата во принцип се менуваат полека.

Други карактеристики на културата се:

 Културата е создадена - таа не чека да се „открие“, туку се создава со меѓусебна поврзаност на три независни системи: идеолошкиот систем, технолошкиот систем и организацискиот систем (семејства и социјални групи и класи).

 Културата е прилагодлив процес - се менува и процесот на промена се јавува како адаптивен. Доколку овој процес не се случеше, општеството ќе беше статичка целина.

 Културата е пријатна реакција - таа ги задоволува и основните биолошки и психолошки потреби на општеството. Елементите на културата исчезнуваат кога овие потреби ќе престанат да бидат исполнувани.

 Културата е заедничка за членовите на одредено општество - културата е колективен феномен, ја делат членовите на една група и се одржува според општествените норми и обичаи.

 Културите се слични, но сепак се различни - постојат одредени сличности во културите. Кај сите култури има спорт, танцување, подготовка на храна, образование, музика, закони, вера, итн. Сепак, постојат огромни разлики помеѓу културите во начините и методите усвојувањето на секој од одделните елементи што ја сочинуваат културата. Токму овие разлики влијаат за специфичното однесување на потрошувачите на припадници на различни култури.

 Културата е трајна и наградува - што значи дека културата подеднакво ги задоволува основните биолошки и научени потреби. Доколку соодветно се задоволат потребите во склад со „нормите“ на одредена култура, однесувањето се наградува и ги

зајакнува постојните норми. На овој начин, елементите на културата се пренесуваат од генерација на генерација.

 Културата е прилагодлива категорија - за разлика од трајноста на културата, постојат елементи што влијаат на неговото прилагодување кон промените во технологијата, иновациите, промените во околината и слично.

 Културата и однесувањето на потрошувачите се меѓусебно поврзани категории на начин што културата го насочува однесувањето, но исто така и постепено се менува во однесувањето.

 Културата е организирана и интегрирана - сите делови на културата комуницираат едни со други и настојуваат да се усогласат со општите вредности, верувања и моралните основи на поширокатa култура. Иако понекогаш постои недоследност помеѓу различните делови на културата, социјалните фактори имаат тенденција да ги усогласат овие делови во најкус можен рок со основните принципи и темели на културата.

 Културата пропишува однесување - оваа карактеристика има и најголемо значење за однесувањето на потрошувачите. Имено, културата претпоставува идеални стандарди на однесување на нејзините членови. Од друга страна, казната им се заканува на оние што ги кршат „пропишаните“ и пожелните однесувања во една култура. Обичаите како дел од непишаните норми на однесување исто така влијаат на однесувањето на една култура. Иако нормите и обичаите се релативно трајни, во современите услови на телекомуникациите и комуникациите се чини дека нивните промени се случуваат сè побрзо. На овој начин, се воведува т.н. глобална култура прифатена во принцип од помладите луѓе низ целиот свет. Само некои од примерите се: модни трендови, накит, козметика, автомобили и многу повеќе.

 Културата се пренесува - таа се пренесува од генерација на генерација преку процесот на социјализација. Основните пренесувачи на културните вредности се семејството, верските институции и училиштата.

Функционални аспекти на културата

Во претходните точки нашето внимание го насочивме кон проучување, односно согледување на развојот на самиот поим на културата, нејзината поделба, поимот и класификацијата на културното наследство. Во продолжение на оваа точка ќе ги анализираме функциите на културата, односно нејзините функционални аспекти и

како тие можат да влијаат врз туризмот. Општествени вредности се: семејство, искуства од раната младост, религија, индивидуални прифатени вредности, останати членови и друго.

Во литературата фунциите на културата вообичаено се поделени на следниот начин (Ajay Бат Bhatt, н.д):

(1) Културата е таа што го прави човекот да биде човек. Со неа се уредува неговото однесување и да се подготвува за живот во групата. Без култура, човекот ќе беше принуден да се снајде на свој начин кој ќе претставуваше загуба на енергија;

(2) Културата обезбедува решение за комплицирани ситуации. Култура му овозможува на човекот начини на однесувања за тешки ситуации. Во отсуство на културата човекот би бил збунет дури и во наједноставните ситуации. Културата не само што го дефинира, туку исто така го одредува она што човекот го јаде и пие, кога да спие, како да се смее и друго;

(3) Културата обезбедува традиционално толкување на одредени ситуации. Преку културата човекот добива традиционално толкувања во многу ситуации врз основа на кое толкување го определува неговото понатамошно однесување;

(4) Културата ја формира личноста. Ниту едно дете не ќе може да развие човечки квалитети во отсуство на културна средина. Култура го подготвува човекот за живот во општеството. Култура е таа што обезбедува можности за развојот на личноста и поставува ограничувања;[11]

(5) Културата ги овозможува социјалните односи. Култура има значење не само за мажите, туку и за групата.

Култура го подготвува човекот за живот во групата. Животот во групата би бил сиромашен, неморален и кратки доколку би немало културни прописи. Групната солидарност се темели врз принципите на културата;

(6) Култура овозможува и дава визија на поединецот во контактите со останатите луѓе. Имено, култура го учи на човекот да се размислува за себе како дел од поголема целина. Преку културата се осознаваат концептите за семејство, држава, нација итн и го прави возможна координацијата и поделбата на трудот;

(7) Култура создава нови потреби, на пример, жед за знаење и потреба за патување и слично. Како што можеме да забележиме, културата има повеќе функции

[11] Kesić, T. (2003). Integrirana marketinška komunikacija. Zagreb: Opinio.

коишто директно или индиректно влијаат врз речиси сите аспекти од општествениот живот на човекот.

Во последно време сè повеќе се посветува внимание на развојот на културата која има значајна функција за развојот на туризмот, кој со совојата масовност значително придонесува за реализација на културните вредности. Со осмислено формулирање на културните услуги што сакаме да ги вклучиме во туристичкиот производ, постигнуваме повеќе значајни резултати и тоа: задоволен туристички потрошувач во општествена смисла на зборот, како и подобри економски резултати во туристичката потрошувачка. Културата е фактор во туризмот, и тоа на оној дел што се однесува на културните вредности или добра, како можност за туристички патувања. Особено од почетокот на 1990-тите, кога социо-културната, економската соработка и интеграцијата беа иницирани меѓу земјите. Во овој процес на интеграција, култура се појави како важна алатка, која придонесе да се запознаат нови култури, а истовремено да се создадат и нови преку меѓусебното испреплетување на различни култури, кои се всушност една од димензиите на глобализацијата. Туризмот е еден од најважните процеси и алатки кои ја овозможуваат културната интеракција. Затоа, сосема е разбирливо дека туризмот со различните компоненти на понудата има многи значаен придонес во популаризацијата и презентацијата на културните вредности. Тоа е присутно во сите облици на туристичкото движење, кај секое реализирано туристичко патување, без оглед дали мотивот на патување е врзан за културен интерес или не. Ваквата карактеристика на туризмот дава основ за масовно користење на културните достигнувања и услуги и претставува своевидна обврска и на туристичките работници и на вработените од областа на културата. Всушност, факт е дека туризмот и културата имаат изразито заеднички особини кои треба понатаму да се продлабочуваат и откриваат. Со туристичката активност се овозможува запознавање на појавите и односите во изворна форма, така добиените информации можат автентично да се утврдат. Мариноски и ост. (2006) имаат извршено одредени културолошки проучувања на функциите на туризмот во функцијата која културата ја има во туризмот.

Таа треба да се сфати како надградба на различните нивоа, така што преку културното влијание на туризмот, се манува културата на сите учесници. Така се создаваат хумани односи кон средината и лицата кои се дел од средината, нејзините општествени односи, природата и самата индивидуа која се впуштила во потрага по културни придобивки. За важноста која ја има културата врз развојот на туризмот

зборува Целакоски (1997), кој наведува дека културата претставува еден од најзначајните фактори во непосредното давање на услугите. Во оваа смисла, културата се јавува како неопходен фактор на повеќе случаи како што се:

 Гостопримството и културата на однесување што подразбира стручна оспособеност со соодветно ниво на образование и специјализација на вработените во капацитетите во кои се даваат туристички услуги;

 Одржување на нивото на уреденост на инфраструктурата и супраструктурата во рамките на дозволените стандарди;

 Афирмација на културата на исхрана и во тој контекст гастрономската понуда како дел од туристичката понуда;

 Ентериерна употреба на уметнички дела во сместувачките капацитети;

 Архитектонско обликување и прилагодување на сместувачките објекти кон елементите на животната средина;

 Едуцирано рецептивното население кое ќе може успешно да се вклопи во туристичката активност со своето однесување и односот кон туристичката понуда;

 Културно-забавна анимација во сместувачките објекти и друго. Развојот на културата, согледувана од аспект на туризмот, овозможува да се зголеми квалитетот на однесувањето на туристичката клиентела која ги остварува туристичките патувања, со што ќе се придонесе за поголем развој на туризмот, како и посветување на поголемо внимание на културните активности. Туризмот и културата не само што не можат да се сметаат како издвоени појави, туку тие во сегашниот тренд претставуваат интегрална појава со препознатливи специфики и веќе утврдени норми во секојдневната пракса

- Меѓузависност на културата и туризмот

Културата директно влијае на туризмот, а туризмот сè повеќе влијае на културата и станува важен мотив за туристичко патување. Културниот туризам често се развива од политички и економски причини кои немаат многу врска со локалното население и зачувувањето на културното наследство. Притисокот на зголемениот број туристи врз историските европски градови, како што се: Венеција, Бриж, Оксфорд и други, предизвикува сè поголеми негативни влијанија врз градовите и нивната популација. Сепак, културниот туризам може да биде решение за продолжување на сезоната и за ублажување на сезонските концентрации.

Културниот туризам може да придонесе за заштита на културните традиции, како и за збогатување на квалитетот на животот во урбаните и руралните области. Најголемиот проблем е во утврдувањето на позитивните и негативните влијанија на туризмот врз културата, како резултат на недостаток на сеопфатно истражување за социјалните и економските промени, поради што историчарите на културното наследство не се оптимисти за развојот на културниот туризам. Но, покрај песимизмот за негативното влијание на туризмот врз културата, постои и позитивно разбирање за туризмот како потенцијал за заштита и одржување на културното наследство и развој на локалната култура. Туристите на многу начини придонесуваат за развој на економијата, а приходите собрани од туризмот се користат за заштита и обновување на културното наследство и служат за поддршка на локалната традиционална култура, која на многу помали места веројатно би исчезнала без туризмот. Туристите исто така можат да имаат многу негативно влијание врз развојот на туризмот, па затоа во некои области тие се непожелни поради оваа причина. Едно од можните решенија за потенцијално загрозување на локалитетите и населението е да се создадат културни форми и настани само за туристичка потрошувачка. Така, во многу туристички места, уметничкото производство се прилагодува на различните туристички потреби. До одреден степен, ова производство може да се смета за автентично бидејќи овие форми на „создадени автентичности“ може да се сметаат како дел од широк спектар на производи и ритуали прифатени во туризмот како традиционална културна понуда. Честопати туристичката понуда е создадена за туристите и го заборава локалното население. Клучното прашање во односот меѓу културата и туризмот е степенот до кој населението на одредени места или области одржува контрола над сопствената култура и производите што произлегуваат од неа - чија култура е продадена и на кого.

5.4. Културата како општествена вредност во туризмот

Вредноста која ја има културата согледувана од туристички аспект претставува основен фактор за позитивен развој. Имено, доколку се посветиме само на развојот на туризмот и притоа да не ѝ дадеме значење на културата и нејзината вредност, ефектите кои ќе ги постигнеме можат да имаат висок процент на негативни влијанија. Оваа негативност би произлегла од отсутноста на свесност, чувство и знаење за вреднување кај туристите на вредностите кои ги поседува туристичкото место. Проучувајќи ги општествените последици кои произлегуваат од културолошките

влијанија на туриозмот во конкретната туристичка дестинација, во нашиот труд ќе разгледаме дел од неколку аспекти кои ќе ни дадат јасна слика за состојбите на општествените културни вредности.

 Позитивни општествени последици од туризмот се:

- Посетителите подобро ја запознаваат културата на рецептивната земја: нејзината музика, уметност, па и јазик;

- Посетителите стекнуваат подобар увид во состојбата на рецептивната земја, која добива углед;

- Се развиваат општествени контакти, нови идеи, вредносни системи, начин на живот;

- Развојот на традиционални видови на забава, уметност, музика, занаетчиство кои се нудат на барање на туристите.

 Како негативни општествени последици од туризмот, ќе ги споменеме само некои кои ги сметаме како поважни:

- Деградирање на културата на рецептивната земја;

- Неприфатливо темпо и замав на културните конфликти и промени;

- Се нанесуваат штети на културните системи и на изворите на таа култура, загрозени се јазиците на малцинствата;[12]

- Богатите посетители доаѓаат во сиромашните средини и создаваат напнатост;

- Комерцијализација на културата и воведување потрошувачки менталитет во општеството;

- Притисоци за промена на општествените вредности обичаи, навики, облекување и начинот на однесување;

- Народната уметност и обичаиите се деградираат;

- Загрозени се многу тредициални вредности.

 Негативни последици врз културата на рецептивната земја се:

- Губење на автентичноста и стабилноста;

- Губање на културната гордост;

- Се менува статусниот однос на културата на домаќинот и гостинот;

[12] Honeck, D. (2012). LCD Export Divesification, Employment Generation and the „Green Economy“: What roles for tourism linkages, Geneva WTO Workin paper ERSD 2012-24

- Промени во потрошувачката;

- Експанзија на кражби, алкохолизам, проституција, наркоманија и други пороци. Улогата и влијанието кое го имаат посетителите врз населението и општестениот развој во конкретната туристичка дестинација може да предизвика позитивни влијанија, но и негативни последици.

Имајќи го предвид претходно кажаното, во продолжение на нашиот труд ќе наведиме едно согледување во кое е посочена позитивната и негативната улога на посетителите.

 Позитивна улога на посетителите ќе ја разгледаме од аспект на:

- Расположливоста на понудата која инаку не би му служела на населението, поголеми можности за општествени контакти и активности заради присуство на туристите;

- Поттикнување на образовниот и воспитниот процес;

- Стимулирање на заштитата на историското наследство и негово презентирање во туризмот;

- Засилени општествени врски и искуства;

- Меѓусебна размена на тековите на културата и промовирање на мирот и разбирањето;

- Стекнување на нови искуства, идеи и проширување на културните хоризонти.

 Негативна улога на посетителите ќе ја спомнеме од аспект на:

- Краткотрајните и минливи општествени контакти со посетителите немаат вистинско длабоко значење;

- Експанзивноста на масовниот туризам ја намалува можноста за контакти и нивната вредност;

- Можни недоразбирања, судири, морална деградација;

- Потенцијални заразни болести;

- Посетителите не го познаваат рецептивното население, нивната култура и јазик, воедно немаат разбирање за нивните проблеми.

Какви ќе бидат придобивките од посетителите на одредената туристичка дестинација, во голема мера зависи и од локалното население, нивното образование, информираност и желба за туристички развој.

5.5. Културата и туризмот како фактори на регионална привлечност

Земјите и регионите мораат да обезбедат инвестиции што би биле во функција на нивниот развој. Особено во случај на неразвиени и рурални региони, во отсуство на класични ресурси за развој, културата се користи повеќе во функција на градење идентитет, слика, а елементите од таа култура играат голема улога во формирањето регионални брендови и се користат за промовирање на регионот. Понатаму, културата може да се стави директно во функција на регионален развој преку активности поврзани со нејзината економска валоризација. Ова може да се постигне на повеќе начини, но најексплицитно е преку активирање на културните ресурси во функција на туризмот.

Така, културата и туризмот се стават во функција на привлечност и конкурентност на глобалниот пазар. Регионите активно ги развиваат своите културни ресурси со цел да обезбедат локално признавање, а со тоа и компаративна предност на меѓународниот пазар. За да се исполнат ваквите претпоставки, важно е да се анализираат врските помеѓу културата, туризмот и привлечноста на една дестинација. Потребно е да се развијат модели за да се утврди степенот на влијание на овие фактори врз вкупната привлечност, секако во согласност со одредена политика што ќе ја зголеми привлечноста на дестинацијата како место за посета, живеење и инвестирање. Партнерството е клучно за развој на ефективни модели на економска валоризација на културата. Комплексноста на двата сектори: туризмот и културата, сугерира дека мора да се создадат посебни платформи за да се обезбедат механизми за ефективна комуникација меѓу двата сектори. Новите политики треба да изградат нови структури и проекти кои ќе вклучат различни засегнати страни за да ја направат културата привлечна за туристите. Културата е важен елемент во туристичкиот производ. Во исто време, туризмот обезбедува важни средства за промовирање на културата и генерирање приход што може да го поддржи културното наследство. Во поширока смисла, развојот на врските помеѓу туризмот и културата треба да се гледа во подобра слика за дестинација, поголема социјална кохезија, поддршка за културниот сектор и во поголема иновативност и креативност на локалното население. Комбинацијата на култура и туризам е препознаена како можност да се донесат позитивни елементи на еден простор. Оваа можност беше иницирана од различни причини, понекогаш политички, понекогаш како последица на трансформација на животниот стил, а најчестите мотиви се економски. Така, новите држави и нации (како што е случајот со

Косово) сакаат да обезбедат разновидност и добра слика преку културниот идентитет што ќе привлече нови инвеститори.

Во современото постмодерно општество, нивото на културен капитал е многу високо, пред сè заради високото ниво на образование, кое пак иницира нови видови потрошувачка, директно поврзани со потребата за нови знаења и искуства кои најчесто се поврзани со развојот на личноста. Економските мотиви се засноваат на регионалниот развој, можноста за создавање нови работни места, како и потребата да се комбинираат за финансирање на проекти поврзани со културното наследство. Како резултат на сето тоа, културата е многу присутна во формирањето на туристичкиот производ и во стратегијата за градење на имиџот на дестинацијата. Од друга страна, туризмот е дел од стратегијата за развој на културата како средство за поддршка на културното наследство и културното производство. ЕУ ја препознава важноста на културата како дел од европското туристичко искуство и како елемент што може да го подобри профилот на Европа како глобална дестинација. Европската комисија ги поддржува областите на културниот туризам кои имаат најголем потенцијал за раст. Европа е клучна дестинација за културен туризам благодарение на неспоредливото културно наследство кое вклучува музеи, театри, археолошки места, историски градови, индустриски локалитети како и музика и гастрономија. Проценето е дека културниот туризам сочинува 40 % од целиот европски туризам, 4 од 10 туристи ја избираат својата дестинација врз основа на нејзината културна понуда.[13]

Затоа, културниот туризам доби политички димензии, па затоа Европската комисија го користи културниот туризам за да го зајакне единството меѓу членките на ЕУ преку мотото „Обедини ги разликите“. Во руралните области, туризмот служи за зачувување на традиционалните вредности и занимања и треба да ги задржи ниските трендови на миграција. Културниот туризам во руралните области понекогаш е единствениот начин за заработка на локалното население. Кога станува збор за нивото на управување, земјите во светот комбинираат култура и туризам во едно министерство. Секое место, град, земја, регион треба да се запраша зошто некој би сакал да ги посети и да започне бизнис таму. Кое е местото што им треба на луѓето? Кои се предностите што ги има едно место, а другите не? Портер прави список на конкурентност, кои се факторски услови, услови на побарувачка, сродни и придружни индустрии, стратегии на компании, структура и конкуренција. За туризмот,

[13] .Kesić, T. (2003). Integrirana marketinška komunikacija. Zagreb: Opinio.

факторските услови се традиционално најважни за привлечноста на една дестинација, а тоа се однесува на „наследените фактори“ (природни ресурси, клима, итн.) и „создадените фактори“ (културни атракции, населби и сл.). Многу е важно дестинациите да ги мобилизираат сите факторски услови преку реструктуирање на секторите, иновативни производи и маркетинг со цел да се постигне конкурентност на пазарот.

Крауч и Ричи сугерираат дека привлечноста на дестинацијата зависи од четири компоненти:

- Основни ресурси и атракции (географија на просторот, културата и историјата, врски на пазарот, мешавина на активности, специјални настани, забава и туристичка инфраструктура);
- Дополнителни (поврзани) фактори и ресурси (инфраструктура, пристапност, гостопримливост);
- Управување со дестинацијата (зачувување на ресурсите, маркетинг, финансирање, организација, развој на човечки ресурси, собирање информации и истражување, квалитет на услугата);
- Квалификациони детерминанти за (локација, безбедност, свесност/ слика/бренд, цена/вредност).

Слично на тоа, Двајер и Ким ги идентификуваат факторите што ја одредуваат конкурентноста на расположивите ресурси (природни ресурси, културни вредности, културно наследство), создадени ресурси (туристичка инфраструктура, активности поврзани со снабдување), дополнителни (придружни) фактори (општа инфраструктура, квалитет на услугите), пристапност до дестинацијата и фактори поврзани со управувањето со дестинацијата.

Студиите на случај укажуваат на улогата на ресурсите што се наследуваат или се создаваат и начинот на нивното организирање и дистрибуција на пазарот. Во суштина, компаративната предност на дестинацијата произлегува од постојните ресурси (природно и културно наследство), додека конкурентската предност се заснова на дистрибуција на ресурси на пазарот (т.е. управување со дестинација и маркетинг). Во еден извештај на ОЕЦД за руралните области се вели дека нематеријалните аспекти (културен идентитет, учество и партнерство) се најважни во создавањето разлики. Дестинацијата може да има одредена привлечност заснована на наследени вредности. Важно е да се трансформираат ваквите наследени вредности во високи симболични вредности, кои тогаш можат да се преточат во високи пазарни вредности.

Дестинацијата треба да ги организира своите ресурси на најефикасен начин за да обезбеди конкурентска предност на туристичкиот пазар. Факт е дека атрактивноста на туристите се гледа од перспектива на потрошувачите, односно се претпоставува дека повеќе туристи ќе посетат поатрактивни дестинации. Гледано од регионална перспектива, можеме да имаме еден првично атрактивен регион, но од различни причини (недостаток на промоција, проблеми со пристапноста, политичка нестабилност), може да го посетат мал број туристи. Се смета дека добро организираните региони повеќе ги користат своите ресурси. Сосема е јасно дека културата е важна за туризмот како дел од атрактивноста и конкурентноста на дестинацијата. Најуспешните дестинации се оние што создаваат синергија помеѓу културата и туризмот. Но, оваа синергија не се постигнува автоматски, таа мора да се создаде, развие и управува.

Грефе идентификува низа критериуми кои се важни за развој на позитивна врска помеѓу културата и туризмот:

- Континуитет на културните активности;
- Степен на учество на локалното население во туристички активности;
- Локалниот контекст е најважен;
- Меѓусебната зависност на овие активности предизвикува „кластерски“ ефекти. Некои автори сметаат дека малите и средни локалитети обично немаат финансиски и стратешки ресурси за спроведување на добри политики во управувањето со одржливиот културен туризам. Останува прашањето: Кои елементи на културата се под контрола на локалните власти? Некои региони имаат ограничена слобода поради државната контрола на културните вредности. Во вториот случај, приватниот сектор и волонтерите можат да играат важна улога во обезбедувањето пристапност на културните вредности за туристите, што ја нагласува потребата за партнерство и вмрежување. Друг голем проблем е што активностите на културниот туризам се во рацете на различни актери, и многу нематеријални фактори поврзани со културата и туризмот честопати се непредвидливи (квалитетот на животот, одржливоста, итн.). Малите региони немаат вештини и ресурси за меѓурегионална соработка. Создавањето ефективна соработка е предизвик, бидејќи ова се два различни сектори, туристичкиот сектор е претежно комерцијален, додека секторот за култура има непрофитна основа.

Проблемот на соработка е сложен затоа што културниот сектор е тешко да ги препознае директните финансиски придобивки од туризмот. Реално е дека многу културни институции имаат мала економска корист од туристите во споредба со

другите учесници во туризмот. Друга бариера во мобилизирањето на културните вредности на дестинацијата е големата важност на нематеријалните фактори во конкурентноста на дестинацијата. Значи, во услови кога региони со значителни културни ресурси се појавуваат на пазарот, креативноста игра клучна улога во нивната употреба.

5.5.1. Културните ресурси како фактор во туристичката понуда во 21 век

Во денешно време, клиентите стануваат сè поприбирливи и затоа е потребно да се следат нивните желби и потреби, и на најдобар можен начин да се исполнат нивните барања и нивните желби, бидејќи само на овој начин се создава посилна комуникација со нив, а тоа на крај влијае на развојот на економијата. Денес, сите туристички дестинации се соочуваат со предизвик за подобрување на квалитетот на понудата. Природата, културното наследство и особено архитектурата - ги сочинуваат туристичките ресурси. Културното наследство дава одредена автентичност на една дестинација, ја прави препознатлива и различна и претставува основа на конкурентска предност во однос на другите дестинации. Денес, културата е комерцијален производ што им се нуди на туристите кои бараат одмор и искуство. На многу туристички дестинации, ваквите ресурси се многу потребен додаток на основните елементи на понудата. Сепак, не е доволно да имате само богато културно наследство, треба да знаете како и маркетиншки да управувате со него. Само наследство што е, во најголема можна мерка, во функција на туризмот - може да обезбеди максимални економски ефекти.

Подобрувањето на животниот стандард и процесите на глобализација на туристичиот пазар значително влијаеја на промените во однесувањето на потрошувачите. Постои афирмација на дополнителни, нови потреби и промени во ставовите на потрошувачите кон квалитетот. Современите туристи се искусни патници, тие се добро информирани, сакаат позначајни туристички искуства, се обидуваат оптимално да ги задоволат своите потреби со оглед на времето и парите што ги вложиле на патувањето. Тие се карактеризираат со динамика, љубопитност, желба за запознавање нови средини, желба за привлечни настани. Конкуренцијата на пазарот расте. Ако се сака да остане на пазарот, секогаш треба да се следи и испитува конкуренцијата и да се реагира на нејзините слабости. Самостојното натпреварување создава подобра и поефикасна понуда за потрошувачите. Затоа потрошувачите се

одлучуваат за оние туристички дестинации кои нудат соодветен квалитет и избираат други доколку квалитетот не ги исполнува нивните очекувања. Сè поголем број туристи бараат позначаен одмор и го обликуваат одморот според нивните желби. Тие бараат да бидат заинтересирани, привлечени и задржани од понудата. Природните убавини веќе не се доволен фактор на привлечност, особено за побарувачките сегменти на пазарот кои се стремат кон поактивен одмор. Зголемената потреба за нестандардизирани услуги и поиндивидуално однесување на туристите е директно поврзана со:

1) Потрагата по самоопределување (еманципација) и принципот „направи го тоа сам“;

2) Поголемо патно искуство со населението, кое оди рака под рака со повеќе селективен, критичен и квалитетно ориентиран пристап кон планирањето на годишните одмори, но исто така и со зголемената суптилност на побарувачката и рационалниот избор;

3) Растечка желба да се поврзете со природата, да стекнете искуство од прва рака и за активни празници (на пр. „хоби одмор“, „трекинг одмор“, агротуризам);

4) Поголема еколошка свест и чувствителност на квалитетот на животот воопшто;

Покрај тоа, таа е должна да промовира зачувување на религијата и културното наследство на сите заедници, и има одредени обврски да обезбеди ефикасна заштита на интегритетот на зградите и спомениците од културно и верско значење за заедниците, како што е дефинирано во член 58 став 5 од Уставот на Република Косово. Уставот и другите релевантни документи, вклучувајќи го и писмото на косовските институции од 7 октомври 2015 година, упатено до националните делегации на УНЕСКО, наведувајќи ги обврските на Косово во врска со заштитата на религиозните и културното наследство, ја формираат институционалната основа за развој на Стратегијата за културно наследство 2017-2027 година. Правната основа се состои од законите што се во сила, односно: Законот за културното наследство, Законот за посебни заштитени подрачја (вклучувајќи го и Законот за историски центар), Законот за слобода на вероисповед, Законот за експропријација, Законот за градба, Законот за културни институции и Законот за локална самоуправа. Другите закони, како Закон за планирање на просторот и Закон за архиви, подзаконски акти како што се оние за Советот за спроведувањеи надзор (МОС), се утврдуваат во согласност со Законот за посебни заштитни зони и други административни акти кои обезбедуваат посебна заштита на културното и верско наследство, како и Одредбите за европска соработка и меѓународните стандарди на културното наследство и најдобрите практики, вклучително и оние што промовираат културна и религиозна разновидност и дијалог.

Косово е област со богата културна традиција и вредно културно наследство на различните етнички групи кои живеат на неа.[18]

На територијата на Косово со векови живееле Албанците, Србите, Бошњаците, Гораните, Хрватите, Ромите, Египќаните, Ашкалите, и други народи. Сите тие имаат создадено специфично културно и историско наследство, кое како такво претставува значаен ресурс за развој на културниот туризам. Pikard укажува дека ова наследство се состои од споменици на архитектурата од средниот век, цркви и манастири од 14 век, коишто се од меѓународно значење, џамијата и амамот од 16-ти и 17-ти, кула на албански семејства и манастирски засолништа од 18 и 19 век, многу древни мостови. Нивниот заеднички живот придонесе за проникнување на културните влијанија, од една страна, но во исто време ја покажа желбата да се биде различен и инсистирање на „сопствените културни идентитети“, од друга страна. Оваа област има значајни можности за развој на туризмот, но исто така е неопходно да се создадат соодветни предуслови за овој развој. Исто така, во Косово не треба да се заборави на постоењето на различни квалитативни придобивки на историското наследство кои придонесуваат за развојот на економијата. Тоа се:

- Привлекување на туристи и создавање нови места за работа;
- Поттикнување на економијата (мали и средни претпријатија);
- Зајакнување на социјалната кохезија во заедницата;
- Зајакнување на културниот идентитет, гордоста на припадноста кон нејзината заедница;
- Создавање безбеден заеднички простор за сите членови на заедницата;
- Туризмот како важна почетна точка за понатамошен економски развој;
- Развивање на вештините на младите луѓе и нивната подготвеност за волонтерство и желбата да останат во локалната заедница.

Наследство не е, како што често се истакнува, на основа на националниот идентитет само за Албанците во Косово, туку ова прашање е важно за сите малцински заедници во Косово. Групата Ален консултунг (2008) потврди дека 93 % од Австријците го сметаат наследството како витален дел што го претставува националниот идентитет. Националните и локалните заедници низ целиот свет се охрабруваат да ја вреднуваат културата што претставува јадро на заедничкиот идентитет. Сепак, со оглед на околностите, процесот на усогласување треба да се

[18] Honeck, D. (2012). LCD Export Divesification, Employment Generation and the „Green Economy“: What roles for tourism linkages, Geneva WTO Workin paper ERSD 2012-24

направи со посебен чувствителност на територијата на Косово, имајќи го предвид т.н. конфликт меѓу Албанците и Србите. Владата на секоја држава треба да обезбеди заштита на културните вредности на народите кои живеат на нејзината територија, на истиот начин на кој се промовира социјалниот и економски развој. Обезбедување на ефективна заштита, зачувување и популаризација на културното наследство со користење на сите научни, технички и други можности треба да претставува една од основите за регионален развој и национално планирање на сите нивоа на демократско општество. На територијата на Косово е важно да се признае специфичноста на културното наследство на начинот на кој го истакнуваат Timothy and Boyd во нивната работа. Тие потенцираат дека идејата за заедничко културно наследство на сите нивоа на општествена организација, од локално до глобално, како концепт треба да биде водич за развој на заедниците.

VII. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

7.1. Анализа на истражувањето

Во рамките на овој дел подетално ќе се запознаеме со рамката на истражување, целниот примерок, начинот на собирање на податоци, варијаблите и методите кои ќе се применат за нивна анализа. Други прашања кои ќе се дискутираат во оваа глава ги вклучуваат и техниките на прибирање на податоци, големината на примерокот, како и презентација на податоците.

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊАТА

Табела 3: Пол на испитаниците

Машки	120	Вкупно испитаници
Женски	80	200

Според резултатите, во ова истражување се вклучени 120 испитанци од машки пол, а 80 женски пол.

Табела 4: Возраст на испитаниците

До 25 години	30
26-35	30
36-44	50
45-54	40
повеќе од 55	50

Во однос на возраста на испитаниците, 30 лица се до 25 години и исто толку од 26 до 35 години, потоа по 50 испитаници се од 36 до 44 години и над 55-годишна возраст и 40 се од 45 до 54 години.

Табела 5: Образование на испитаниците

основно училиште	10
средно училиште	80
факултет	80

магистер	10
доктор на науки	10

Со завршено основно образование се вкупно 10 испитаници, исто толку се и магистри и доктори на науки, додека по 80 се со завршено средно образование и факултет.

Табела 6: Место на живеење

Скопје	60
Куманово	10
Тетово	30
Битола	20
Приштина	10
Кичево	20
Призрен	10
Штип	20
Велес	20

Од вкупниот број на испитаници, 60 се од Скопје, по 10 се од Куманово, Призрен и Приштина, по 20 се од Битола, Кичево, Велес и Штип и 30 се од Тетово.

Табела 7: Одговори на прашањето: „Дали мислите дека културата влијае на имицот на Република Косово?“

Да	130
Не	30
Не знам	40

Резултатите од анализата покажуваат дека 130 испитаници сметаат дека културата влијае на имицот на Косово, додека 40 не знаат и 30 не се согласуваат со ова тврдење.

Табела 8: Одговори на прашањето: „Според вас, дали Косово имаат соодветен потенцијал за развој на културниот туризам?“

Да	150
Не	30
Не знам	20

На ова прашање 150 лица сметаат дека Косово има соодветен потенцијал за развој на културниот туризам, додека 20 не знаат и 30 мислат дека не е така.

Табела 9: Одговори на прашањето: „Колку често сте посетувале место со културно и историско значење во Косово?“

Никогаш	20
Околу 1-2 пати	140
Околу 3-5 пати	20
Повеќе од 5 пати	20

На прашањето за посета на места со културно-историско значење во Косово, 20 испитаници одговориле дека никогаш не посетиле такво место во Косово, околу 1 до 2 пати посетиле вкупно 140 лица, и по 20 лица посетиле од 3 до 5 и повеќе од 5 пати.

Табела 10: Одговори на прашањето: „Оценете го степенот на согласување со следниве изјави“

Целосно не се согласувам Не се согласувам Ниту се согласувам ниту не се согласувам Се согласувам Целосно се согласувам

Локациите на историјата на културата се достапни за посети и тури

Локациите на историјата на културата се доволно вклучени во постојните туристички понуди

Локациите на историјата на

културата се
промовирани како дел од постоечките
туристички понуди.
Локациите на историјата на
културата се
посетени од туристите.
Локациите на историјата на
културата се
интересни за локалното
население
Локациите на историјата на
културата се
интересни за локалното
население
Локациите на историјата на
културата
се
детално опишани во
промотивните материјали
(брошури, водичи, каталози и
др.)
Организираните посети на
културно-историски места
се придружени со
услуги од туристички водичи.

Табела 11: Одговори на прашањето: „Проценете го степенот на согласност со следниве изјави за културните настани на Косово“

Целосно не се согласувам Не се согласувам Ниту се согласувам ниту не се согласувам Се согласувам Целосно се согласувам

Настаните ја презентираат културата, традицијата и историјата на Косово

Настаните се посетени од туристи и локални жители.

Настаните ги пратат дополнителни содржини за исполнување на слободното време на туристите.
Информациите за настаните се достапни во промотивни материјали (брошури, водичи, каталози, итн.).
Настаните се претставени во туристичката понуда во текот на целата година.
Програмата на настани е интересна за посетителите.
Настаните им овозможуваат на туристите висококвалитетно искуство за време на нивниот престој во Косово.

„Проценете до кој степен подобрувањето на инфраструктурата и безбедноста придонесува за раст на културниот туризам.“
1 2 3 4 5

„Проценете колку е важен иновативен туристички производ за туристичкиот пазар во Косово.“
1 2 3 4 5

„Проценете ја важноста на маркетингот за туристичката понуда.“
1 2 3 4 5

„Проценка на важноста на усогласување на законските и нормативните регулативи во областа на заштитата на културното наследство на сите заинтересирани страни за развој на демократско општество.“
1 2 3 4 5

„Проценете колку иновативниот туристички производ ги намалува маркетинг-трошоците и придонесува за соодветна заштита на културното и историското наследство.“
1 2 3 4 5

ПРИЛОГ 2

Прашалник за влијанието на маркетингот врз развојот на културниот туризам на РС Македонија

1. Кој пол сте?

Машки

Женски

2. Која возраст сте?

до 25 години

26-35

36-44

45-54

повеќе од 55

3. Кое е вашето ниво на образование?

Основно училиште

Средно училиште

Факултет

Магистер

Доктор на науки

4. Наведете го местото каде што живеете _____

5. Дали мислите дека културата влијае на имиџот на Косово?

Да □

Не. □

Не знам

6. Според вас, дали Косово има соодветен потенцијал за развој на културниот туризам?

Да

Не

Не знам

7. Колку често сте посетувале место со културно и историско значење во Косово?

Никогаш

Околу 1-2 пати

Околу 3-5 пати

Повеќе од 5 пати

Табела 12: Одговори на прашањата од анкетниот прашалник

	Целосно не се согласувам	Не се согласувам	Ниту се согласувам ниту не се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
Локациите на историјата на културата се достапни за посети и тури.					200
Локациите на историјата на културата се доволно вклучени во постојните туристички понуди.					200
Локациите на историјата на културата се промовирани како дел постоечките туристички понуди.				10	190
Локациите на историјата на културата се					

посетени од туристите.					
Локациите на историјата на културата се интересни за локалното население.				10	190
Локациите на историјата на културата се интересни за локалното население.			10	10	180
Локациите на историјата на културата се детално опишани и во промотивни материјали (брошури, водичи, каталози и др.)	50				150
Организираните посети на културно-историски места се придружени со	100				100

услуги на туристички водичи.					

Можеме да заклучиме дека сите испитаници се согласуваат дека локациите на историјата на културата се достапни за посети и се доволно вклучени во постојните туристички понуди, додека 190 испитаници целосно се согласуваат дека локациите на историјата на културата се интересни за локалното население. 100 испитаници не се согласуват, а 100 целосно се согласуваат на прашањето за организираните посети на културно-историските места во придружба на туристички водичи.

Табела 13: Одговори на прашањата од анкетниот прашалник


	Целосно не се согласувам	Не се согласувам	Ниту се согласувам ниту не се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
Настаните ја презентираат културата, традицијата и историјата на Косово	60	60			80
Настаните се посетени од туристи и локални жители.	80		100	20	
Настаните ги пратат дополнителни содржини за поминување на	100				100

слободното време на туристите.					
Информациите за настаните се достапни во промотивни материјали (брошури, водичи, каталози, итн.).			10		190
Настаните се претставени во туристичките понуди во текот на целата година					200
Програмата на настани е интересна за посетителите.	50		100		50
Настаните им овозможуваат на туристите висококвалитетно искуство за време на нивниот престој во Косово.			150		50

На прашањето во врска со настаните кои ја презентираат културата, традицијата и историјата на Косово, 60 испитаници воопшто не се согласуваат и 60 не се согласуваат, додека 80 во целост се согласни дека е тоа така, потоа дека настаните се посетени од туристи и локални жители 80 испитаници не се согласуваат, 100 и се согласуваат и не се согласуваат, и 20 се согласуваат. Дека настаните ги пратат


дополнителни содржини за поминување на слободното време на туристите се согласуваат вкупно 100 испитаници и 100 воопшто не се согласуваат. Сите 200 испитаници се согласуваат дека настаните се претставени во туристичката понуда во текот на целата година. Дека настаните им овозможуваат на туристите висококвалитетно искуство за време на нивниот престој во Косово 150 испитаници ниту се согласуваат ниту не се согласуваат и 50 се согласуваат.

На прашањето за проценка за тоа колку степенот на подобрување на инфраструктурата и безбедноста придонесува за раст на културниот туризам, сите 200 испитаници сметаат дека безбедноста придонесува за раст на културниот туризам.




Графикон 3: Одговори на прашањето: „Проценете до кој степен подобрувањето на инфраструктурата и безбедноста придонесува за раст на културниот туризам“

На прашањето: „Проценете колку е важен иновативен туристички производ за туристичкиот пазар во РСМ“, сите 200 испитаници сметаат дека е многу важен иновативниот туристички производ.




Графикон 4: Одговори на прашањето: „Проценете колку е важен иновативниот туристички производ за туристичкиот пазар во РСМ“

На прашањето: „Проценете ја важноста на маркетингот за туристичката понуда“, сите 200 испитаници сметаат дека е важен за туристичката понуда, додека на прашањето: „Проценка на важноста на усогласување на законските и нормативните регулативи во областа на заштитата на културното наследство на сите заинтересирани страни за развој на демократско општество“, 100 испитаници сметаат дека тоа е така, додека 100 не се согласуваат.



Графикон 5: Одговори на прашањето: „Проценка на важноста на усогласување на законските и нормативните регулативи во областа на заштитата на културното наследство на сите заинтересирани страни за развој на демократско општество“,

На прашањето: „Проценете колку иновативниот туристички производ ги намалува маркетинг-трошоците и придонесува за соодветна заштита на културното и историското наследство“, 150 испитаници не се согласуваат и се согласуваат, додека 50 се согласуваат.



Графикон 6: Одговори на прашањето: „Проценете колку иновативниот туристички производ ги намалува маркетинг-трошоците и придонесува за соодветна заштита на културното и историското наследство“

ЗАКЛУЧОК

Може да заклучиме дека маркетингот како концепт подразбира ориентација кон потрошувачот, развој на интегрирана деловна програма и ориентација кон целите. Маркетингот треба да биде базиран на одлучност, на потребите и желбите на потрошувачите, да се препознаат нивните разлики, да се задоволат специфичните потреби и желби, долгорочно да се проценат можностите и заканите за бизнисот и координирано да се донесуваат одлуки. Кесиќ наведува дека правилната маркетинг-комуникација е многу важна за маркетингот и претставува процес на пренесување на информации и идеи од испраќачот до примачот преку разни медиуми, со цел да се постигнат посакуваните цели.

Туризмот е сеопфатен поим. Во принцип, според AIEST (International Association of Scientific Experts in Tourism), туризмот е дефиниран како збир на односи и појави што произлегуваат од патувањето и престојот на посетителот во некое место, доколку престојува таму но не воспоставува постојан престој, дури и ако ниту една економска активност не е поврзана со живеалиштето. Така, туризмот е мешавина од социјални и економски односи. Многу фактори влијаат врз формирањето, однесувањето и потрошувачката на туристичката побарувачка, што предизвикува меѓузависни односи. Така, маркетингот во туризмот е дел од една поширока активност што е наречен маркетинг за слободно време. Vуковиќ, Хунјет и Козина наведуваат дека при изборот на дестинација за патување, потрошувачот е под влијание на компаративната предност на дестинацијата на глобалниот пазар, неговата репутација, потенцијал за привлекување и задржување на туристите, квалитетот на животот и животниот стандард на локалното население и инвестицискиот потенцијал. Со развојот на светскиот туризам, бројот на доминантни фактори во маркетинг-опкружувањето исто така се зголемува. Специфичната врска помеѓу туризмот и неговата маркетинг-средина подразбира дека е потребно добро да се разбере влијанието на животната средина од она што е во другите гранки на економијата.

Туристичкиот пазар е економски простор каде што се среќаваат туристичката понуда и туристичката побарувачката. Ги одредува цените и количините на производите што се продаваат или купуваат, а туристички производ е компонента на одредена туристичка дестинација. За да може една локација да стане туристичка дестинација, односно туристички производ, потребно е да се исполнат некои предуслови, како што се: пристапност до сообраќај, привлечност на понудата,

промоција, постоење на организациски пристап, доволен капацитет за сместување на задоволително ниво и слично. Кај маркетингот во туризмот треба да се земат предвид неговите особености во однос на производствените активности. Со оглед на тоа што туризмот е услужна активност, примената на маркетингот во услужните дејности е различен од примената на маркетингот во производствените активности, пред сè, поради специфичноста на услугите во однос на физичките производи. Главната цел на стратешкото управување со маркетингот на културниот туризам е да се изгради одржлива конкурентска предност. Можните извори на конкурентска предност се во однос на производот, цената, рекламирањето, дистрибуција, човечки ресурси и законодавство.

Конкурентската предност се постигнува во случај на реализација на подобри конкурентни позиции во една или повеќе релевантни области на конкуренција за прифатената стратегија. Успешното спроведување на маркетингот во културниот туризам треба да резултира со задоволување на потребите на туристите, постигнување цели и изведување на целите на заедницата воопшто. Ова значи поврат на вложениот капитал и профит за сопствениците, добри услови за работа и плати за вработените, заштита на животната средина, придонес кон локалната заедница и слично. Стратешкото планирање се постигнува со долгорочните цели од една страна, и микроцелите, од друга страна.

Внатрешната разновидност на Косово го прави ова место атрактивно, и покрај очигледниот факт дека одредени делови од територијата сè уште се сметаат за небезбедни за туристите. Безбедноста е важен елемент за избор на туристичка дестинација во современиот свет. Треба да се напомене дека пограничните региони претставуваат алатка за креирање на туристичка маршрута врз основа на споделено културно наследство или прекугранична соработка со други народи. Косово исто така има потенцијал да развие верски туризам. Интеграцијата на културното наследство и туризмот вклучува култура и историска свест за идентитетот преку историски, археолошки, уметнички, научни и општествени вредности. Косово претставува културна средина која опфаќа неколку групи на културни вредности, културни и типични пејзажи, историски градови и утврдувања. Сепак, оваа иницијатива треба да се постигне со креирање на нови туристички производи кои би биле со висок квалитет и дизајнирани и презентирани на значително поинаков начин. Во развојот на Косово како туристичка дестинација неопходно е да се имаат предвид основните активности кои се важни за овој развој. Тоа се, пред сè, промоција на дестинацијата, влијанието на

туристите на одлуката за патување, иновациите во начини и купување на туристичкиот производ и обезбедување на сите потребни информации за потенцијалните корисници на услуги. Косово е дестинација во срцето на Европа, и е достапна за туристите за користење на кој било начин на транспорт. Сепак, атрактивноста на туристичките дестинации, освен пристапност, прави нематеријална основа за развој на туризмот, и тоа во моментов е на незадоволително ниво. Постојат многу услови на територијата на Косово кои бараат посебен пристап во развојот на туризмот. Прашањето за конкурентноста на територијата која е препознаена како една конфликтната област е многу важна за сите учесници во процесот. Треба да се нагласи дека Косово во блиска иднина може да стане туристичка дестинација, каде што туристите ќе имаат можност да се запознаат со културното и историското наследство кое е единствено во овој дел од Европа и на тој начин да се придонесе за негово зачувување за идните генерации.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Andrlić, B. (2007). Primjena e-marketinga u turizmu. Poslovna izvrsnost. 1(2), 85-97.

2. Amy, G. A. (1993). the challenge of multiculralism in political ethics. Philososphy and Public Affairs 22 (3) str. 171 -206.

3. Barnes, H. E. (1986). Uvod u istoriju sociologije, Beograd, 1986, стр. 188.

4. Bouchenski, M. (2004). General Vice Director for Culture at UNESCO Universal Forum of Cultures Tourism Culture and Susuatianbale decvelopment Mike Robinskon David Picard Prograne Cultural Tourism Development, Division of culture policies and intercultural dialogue Culture sector UNESCO.

5. Boorstin, D. (1983). Од путника до туристе – изгубљено умеће путовања (Превод В.Вукелић), Туризам и култура60/61., стр 30-61.

6. Buhalis, D. (2000). Relationships in the Distribution Channel of Tourism: Conflicts Between Hoteliers and Tour Operators in the Mediterranean Region. International Journal of Hospitality and Tourism Administration, 1(1), 113-130.

7. Buhalis, D. (2001). Tourism distribution channels: practices and processes. In: D. Buhalis, & E. Laws (eds.) Tourism Distribution Channels: Practices, Issues and Transformations. London: Cengage Learning EMEA.

8. Bulscu B, Zsolt A. (2014). Transfigurations of the European Identity. Cambridge Scholars Publishing, UK.

9. Bunc, M., Tržna ekonomika in marketing turizma, според цитат од книгата на Senecica, J.

10. Cengiz, H., Erylimaz, S. S. and Erylimaz, Y. (2006). The importance of cultural Tourism in the EU Integration Proces: 2 nd IsoCarp Congres.

11. Chhabra, D. (2010). Sustainable Marketing of Cultural and Heritage Tourism, Routledge.

12. Csapó (2012). The Role and Importance of Cultural Tourism in Modern Tourism Industr, University of Pécs, Institute of Geography Hungary, pp. 202 – 203.

13. Cooper, D. R., & Schindler, P. S. (2006). Business Research Methods (9 Th edition). USA: McGraw-Hill.

14. Cros, H. (2002). Culturaltourism: the partnership between tourism and cultura l her itagemanagement. HaworthPress. New York, str. 79.

15. Crouch, G. I. and Ritchie, J. R. B. (1998). Convention site selection research: A review conceptual model, and propositional framework. Journal of Conventions & Exhibition Management 1(1), 49–69.
16. Demonja, D., Gredičak, T. (2014). Uloga marketinga u razvoju kulturnog turizma u Hrvatskoj. Podravina: časopis za multidisciplinarna istraživanja. 13(25), 112-128.
17. Dragićević Š, Stojković, B. (2011). Kultura: Menadžment, animacija, marketing, CLIO, Beograd.
18. Dwyer, L., Kim, C. (2003). Destination Competitiveness: Determinants and Indicators. Current Issues in Tourism, Vol. 6, No. 5, 369-414.
19. Frojd, S. (1988). Nelagodnost u kulturi. Beograd: Rad.
20. Ger, D. (2000). new myths are needed. Reconciliation in Kosovo as an intelectuall challenge radionica Post - Kosovo Balkans Prespectives on Reconcilation SSEED/UCL, London, citirano u Patrik Honudus Mogu li Srbi i Albanci živeti zajedno Bezbednost zapadnog balkana, broj 4; Beograd (2007). CCVO BSSB, strana 4-12 CCCV.
21. Gilbert, D. and Lizotte, M. (1998). Tourism and the performing arts. Travel and Tourism Analyst, 82-96.
22. Greffe, X. (2004). Is heritage an asset or a liability? Journal of Cultural Heritage 5(3):301- 309.
23. Goodwin. H. (2017). The Challenge of Overtourism, Responsible Tourism Partnership Working Paper 4
24. Hall, M. C. (2014). Tourism and Social Marketing, Routledge, Oxon
25. Hadzic, O. (2005). Kulturni turizam, Novi Sad: Univerzitet u novom Sadu PMF Departman za geografiju turizam I hotelijerstvo.
26. Hanić, H. (2005). Marketing", Čugura Prin Marojević, I.(1986). "Sadašnjost baštine", Društvo povjesničara umjetnosti SR Hrvatske, Zagreb.
27. Helsinški komitet Norveške (2010). Univerzitet u Mostaru, Helsinški komitet za ljudska i manjinska prava Bosne i Hercegovine, Helsinški komitet za ljudska prava u Republici Srpskoj (BIH). Interkulturno razumevanje i ljudska prava, Sarajevo.
28. Hemel (Eds.), Planning cultural tourism in Europe, Amsterdam: Boekman Foundation and Ministry of Education, Culture and Science.
29. Hunjet, A., Kozina, G. (2013). Poduzetničko obrazovanje temeljeno na društvenoj odgovornosti. Učenje za poduzetništvo. 3(1), 61-82Marković, M. A. (2016.) Upravljanje marketinškim miksom u turizmu.

30. Hughes, H. (1998). Theatre in London and the inter-relationship with tourism: Tourism Management, 19(5).
31. Hudson, S. (2008). Tourism and Hospitality Marketing, Sage Publications Ltd, London
32. Hudson, S., Hudson, L. (2017). Marketing for Tourism, Hospitality and Events: A global and digital approach, Sage Publications, London
33. Hughes, H. L. (1996). RedefiningCulturalTourism. AnnalsofTourismResearch. Vol 23 (3), str. 707-709.
34. Honeck, D. (2012). LCD Export Divesification, Employment Generation and the''Green Economy'': What roles for tourism linkages, Geneva WTO Workin paper ERSD 2012-24
35. ICOMOS Povelja o kulturnom turizmu, 1976.
36. ILO (2011). Sectorial Activities Programe Poverty Reduction through Tourism International Labour Office Geneva.
37. Jansen, M. (2013). Aid for Trade and Value Chains in Toursm. OECD UNWTO; WTO, str. 34- 72.
38. Jelinčić, D. A. (2010). Kultura, turizam, interkulturalizam. Zagreb: Institut za međunarodne odnose: Meandarmedia, str. 21.
39. Jelinčić, D. A. (2008). Abeceda kulturnog turizma. Zagreb: Meandarmedia, str. 109.
40. Kaldor, M. (1999). New and Old Wars Organized Violence in a Global Era, Stanford: Stanford University Press, California Merriam-Webster's collegiate dictionary 1994.
40. Kesić, T. (2006). Ponašanje potrošača, 2. Izmijenjeno izdanje, Zagreb, Opinion d.o.o Svetski ekonomski uticaj putovanja i turizma (2017).
41. Kesić, T. (2003). Integrirana marketinška komunikacija. Zagreb: Opinio.
42. Kombol, T. (2006). Kulturno naslijeđe i turizam. Radovi Zavoda za znanstveni rad HAZU. Varaždin, br. 16-17, str. 211-226.
43. Koncul, N. (2004). Položaj turizma u globalnim i europskim integracijskim procesima. Naše more.
44. Koncul, N. (2004). Položaj turizma u globalnim i europskim integracijskim procesima. Naše more. 51 (2004), 5/6; str. 210 (2004), 5/6; 45. Kotler, P. (2006): Osnove marketinga, MATE d.o.o., Zagreb, str. 256.
45. Kotler, P., Levy, S. (1971). Demarketing, yes, demarketing, Harvard Business Review, Vol. 49, No. 6

46. Kotler, P., Bowen, J. and Makens, J. (2010). Marketing for Hospitality and Tourism, 6th Edition.
47. Križman-Pavlović, D. (2008). Marketing turističke destinacije, Ekonomski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb.
48. Krippendorf, J. според цитат од книгата на Senečića, J. i Vukonića, B. (1997). Marketing u turizmu, Zagreb, str. 38.
49. Krippendorf, J. (1986). Putujuće čovječanstvo, Zavod za istraživanje turizma, Zagreb, str. 57.
50. Kuenzle, A. P. (2001). Media, cultureandtourism. Informatologia. 34 1/2; str. 113.
51. Leiper, N. (2000) Are Destinations „The Heart of Tourism" The Advantages of an Alternative Description, Current Issues in Tourism, str. 364-368.
52. Leiper, N. (1990). Tourist Attraction System, Annals of Tourism Research, Vol. 17, str. 367-384.
53. Light, D. (2000). Gazing on communism: Heritage tourism and postcommunist identities in Germany, Hungary and Romania: Tourism Geographies, 2(2).
54. Lord, B Cultural Tourism and Museums, presented in Seoul, Korea, 2002., str. 198.
55. Lubbe, B. (2000). Tourism Distribution: Managing the Travel Intermediary. Lansdowne: JUTA.
56. Marojević, I. (1986). Sadašnjost baštine, Društvo povjesničara umjetnosti SR Hrvatske, Zagreb.
57. McKercher, B., DuCross, H. (2002). Cultural Tourism, Partnership Between Tourism and Cultural Heritage Management, The Haworth Hospitality Press, New York, str. 109.
58. McIntosh, W. R; Goeldner, R. C. (1986). Tourism–Principles ,Practices, Philosophies, John Wiley & Sons,New York,str. 10-13.
59. McIntoshR.W. Goeldner C. R. (1990). Tourism Principles, practices, philosophies. John Wileyand Son New York, Zeppel H.: Cultural tourismin Australia: A growing travel trend. James Cook University, Townsville 1992. str. 34.
60. Mill, C. R.; Morrison, M. A. (1985). The Tourism System – An introductory text - PrenticeHall, Inc., New York, str. 17.
61. Meffert, H. et al. (2015). Marketing: Grundlagen marktorientierter Unternehmensführung. Konzepte - Instrumente – Praxisbeispiel. Berlin: Springer.
62. Middleton, V. (1994). Marketing in travel and tourism, 2nd edn. London. ButterworthHeinemann.

63. Mićić, M. (2009). Menadħment prirodnih i kulturnih resursa u turizmu. Beograd: Univerzitet Singidunum.
64. Mill, Robert Christie and Morrison, Alastair, M. (1985). The tourism system: An introductory text Prentice-Hall, Inc.
65. Morucci, B. (1999). Promocija kulturnog nasljeđa izvan zemlje: teorijski pristup. Acta turistica. 11, str. 201.
66. Moutinho, L. (2005). Strateški menadžment u turizmu. Zagreb: Masmedia.
67. Munsters, W. (2004). Culture and Tourism: merely a marriage of convenience? Maastricht, the Netherlands.
68. Несторoска И., Мариноски, Н., и Ристески М. (2016). APPLICATION OF FAS METHODOLOGY FOR IDENTIFICATION OF RURAL TOURISM DEVELOPMENT POTENTIALS IN THE MOUNTAINOUS AREA OF THE NORTHEAST PLANNING REGION, Horizonti, Vol 20, Bitola.
69. Ordev, I. (2009). Erasing Past: Destruction and Preservation of Cultural Heritage in Former Yugoslavia (Part II) Religion in Eastern Europe XXIX 1, page 1-19 Ordev I. 'ERASING THE PAST: DESTRUCTION AND PRESERVATION OF CULTURAL HERITAGE IN FORMER YUGOSLAVIA Part II (Continuation from the Previous Issue)', Religion in Eastern Europe, 29, 1, pp. 1-19, Academic Search Premier, EBSCOhost.
70. Paskaleva –Shapira, K., Besson, E., Hoffmann, B. and Wintzerr, S. (2004). Urban Governance of Cultural Tourism in Europe, Picture Project, European Commission.
71. Paskaleva-Shapira, K. (2007). New paradigms in city tourism management: Redefining destination promotion, Journal of Travel Research, Vol. 46, No.1, pp. 108-114.
72. Pančić K, T. (1996). Kulturno naslijeđe i turizam. Radovi Zavoda za znanstveni rad HAZU Varaždin, br. 16-17., str. 220.
73. Pančić Kombol, T. (2006). Kulturno naslijeđe i turizam. Radovi Zavoda za znanstveni rad HAZU. Varaždin, br. 16-17, str. 211-226.

ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ БР. 1

Прашалник за влијанието на маркетингот врз развојот на културниот туризам на Косово

1. Кој пол сте?

Машки

Женски

2. Која возраст сте?

до 25 години

26-35

36-44

45-54

повеќе од 55

3. Кое е вашето ниво на образование?

Основно училиште

Средно училиште

Факултет

Магистер

Доктор на науки

4. Наведете го местото каде што живеете _____

5. Дали мислите дека културата влијае на имиџот на Косово?

Да

Не

Не знам

6. Според вас, дали Косово имаат соодветен потенцијал за развој на културниот туризам?

Да □

Не.

Не знам

7. Колку често сте посетувале место со културно и историско значење во Косово?

Никогаш

Околу 1-2 пати

Околу 3-5 пати

Повеќе од 5 пати.

8. Оценете го степенот на согласување со следниве изјави

	Целосно не се согласувам	Не се согласувам	Ниту се согласувам ниту не се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
Локациите на историјата на културата се достапни за посети и тури.					
Локациите на историјата на културата се доволно вклучени во постојните туристички понуди.					
Локациите на историјата на културата се промовирани како дел постоечките туристички понуди.					
Локациите на историјата на културата се					

посетени од туристите.					
Локациите на историјата на културата се интересни за локалното население.					
Локациите на историјата на културата се интересни за локалното население.					
Локациите на историјата на културата се детално опишани и промотивните во материјали (брошури, водичи, каталози и друго).					
Организираните посети на културно-историски места се придружени со услуги на					

туристички водичи.					

9. Проценете го степенот на согласност со следниве изјави за културните настани на Косово.

	Целосно не се согласувам	Не се согласувам	Ниту се согласувам ниту не се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
Настаните ја презентираат културата, традицијата и историјата на Косово.					
Настаните се посетени од туристи и локални жители.					
Настаните ги пратат дополнителни содржини за поминување на слободното време на туристите.					
Информациите за настаните се достапни во промотивни материјали					

(брошури, водичи, каталози, итн.).					
Настаните се претставени во туристичката понуда во текот на целата година					
Програмата на настани е интересна за посетителите.					
Настаните им овозможуваат на туристите висококвалитетно искуство за време на нивниот престој во Косово.					

10. Проценете до кој степен подобрувањето на инфраструктурата и безбедноста придонесува за раст на културниот туризам.

1 2 3 4 5

11. Проценете колку е важен иновативниот туристички производ за туристичкиот пазар во Косово.

1 2 3 4 5

12. Проценете ја важноста на маркетингот за туристичката понуда.

1 2 3 4 5

13. Проценка на важноста на усогласување на законските и нормативните регулативи во областа на заштитата на културното наследство на сите страни заинтересирани за развој на демократско општество.

1 2 3 4 5

14. Проценете колку иновативниот туристички производ ги намалува маркетинг-трошоците и придонесува за соодветна заштита на културното и историското наследство.

1 2 3 4 5

ПРИЛОГ 2

Прашалник за влијанието на маркетингот врз развојот на културниот туризам на РС Македонија

8. Кој пол сте?

Машки □

Женски

9. Која возраст сте?

до 25 години

26-35

36-44

45-54

повеќе од 55

10. Кое е вашето ниво на образование?

Основно училиште

Средно училиште

Факултет

Магистер

Доктор на науки

11. Наведете го местото каде што живеете _____

12. Дали мислите дека културата влијае на имиџот на Косово?

Да

Не

Не знам

13. Според вас, дали Косово имаат соодветен потенцијал за развој на културниот туризам?

Да

Не

Не знам

14. Колку често сте посетувале место со културно и историско значење во Косово?

Никогаш

Околу 1-2 пати

Околу 3-5 пати

Повеќе од 5 пати

8. Оценете го степенот на согласување со следниве изјави

	Целосно не се согласувам	Не се согласувам	Ниту се согласувам ниту не се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
Локациите на историјата на културата се достапени за					

посети и тури.					
Локациите на историјата на културата се доволно вклучени во постојните туристички понуди.					
Локациите на историјата на културата се промовирани како дел од постоечките туристички понуди.					
Локациите на историјата на културата се посетени од туристите.					
Локациите на историјата на културата се интересни за локалното население.					
Локациите на историјата на културата се интересни за					

локалното население.					
Локациите на историјата на културата се детално опишани и промотивни во материјали (брошури, водичи, каталози и друго).					
Организираните посети на културно-историски места се придружени со услуги на туристички водичи.					

9. Проценете го степенот на согласност со следниве изјави за културните настани на Косово.

	Целосно не се согласувам	Не се согласувам	Ниту се согласувам ниту не се согласувам	Се согласувам	Целосно се согласувам
Настаните ја					

презентираат културата, традицијата и историјата на РСМ.					
Настаните се посетени од туристи и локални жители.					
Настаните ги пратат дополнителни содржини за поминување на слободното време на туристите.					
Информациите за настаните се достапни во промотивни материјали (брошури, водичи, каталози, итн.).					
Настаните се претставени во туристичката понуда во текот на целата година					
Програмата на настани е интересна за посетителите.					

Настаните им овозможуваат на туристите висококвалитетно искуство за време на нивниот престој во РСМ					

14. Проценете до кој степен подобрувањето на инфраструктурата и безбедноста придонесува за раст на културниот туризам.

1 2 3 4 5

15. Проценете колку е важен иновативниот туристички производ за туристичкиот пазар во РСМ.

1 2 3 4 5

16. Проценете ја важноста на маркетингот за туристичката понуда.

1 2 3 4 5

17. Проценка на важноста на усогласување на законските и нормативните регулативи во областа на заштитата на културното наследство на сите страни заинтересирани за развој на демократско општество.

1 2 3 4 5

14. Проценете колку иновативниот туристички производ ги намалува маркетинг-трошоците и придонесува за соодветна заштита на културното и историското наследство.

1 2 3 4 5